Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СРЕДНОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2019

# СОДРЖИНА


**СОДРЖИНА** ..... 2

**КРАТЕНКИ** ..... 3

**ВОВЕД** ..... 4

**РАМКА НА ПОЛИТИКАТА НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА** ..... 5
**А. Состојбата на општествена одговорност на претпријатија во Република Северна Македонија** ..... 5
1. Систем за општествена одговорност на претпријатија ..... 5
2. Ангажирање во заедницата ..... 6
3. Животна средина и климатски промени ..... 8
4. Однос кон вработените ..... 9
5. Етичко управување ..... 10
6. Односи на пазарот ..... 11
**Б. Значењето на општествена одговорност на претпријатија во Република Северна Македонија** ..... 13
1. Основи за вклучување на деловната заедница ..... 15
2. Основи за поддршка од Владата ..... 16

**ВИЗИЈА НА РАЗВОЈ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ..... 23

**АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ..... 24
**В. SWOT-анализа за развивање на општествена одговорност на претпријатија (или сродна анализа) . 24 Г. Анализа на капацитетите за примена на општествена одговорност на претпријатија** ..... 26
1. Деловни и професионални здруженија ..... 26
2. Синдикати и здруженија на работодавачи ..... 27
3. Влада ..... 28
4. Невладини организации ..... 29
5. Медиуми ..... 30
6. Образовни институции ..... 31
7. Деловна заедница ..... 33
**Д. Анализа на засегнатите страни** ..... 35
**Ѓ. Анализа на проблемот од гледна точка на пристапот на логичка рамка - определување на причините и последиците и врските помеѓу нив** ..... 37
**Е. Утврдување на приоритетни области** ..... 37
**Ж. Постојни програми и политики кои го поддржуваат развојот на поволен амбиент за општествена одговорност на претпријатија** ..... 38

**ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ** ..... 40
**З. Цели** ..... 40
**Ѕ. Приоритети, мерки и активности** ..... 41
1. Акциски план за период 2019-2023 година ..... 41
2. Клучни области на интервенција ..... 53
3. Приоритетни мерки и активностите на државните институции за унапредување на општествена одговорност на претпријатија ..... 54

**СПРОВЕДУВАЊЕ** ..... 56
**И. Организација и координација на активностите** ..... 56
**Ј. Претпоставки и ризици** ..... 57
**К. Потенцијални извори на финансирање** ..... 57
**Л. Следење на напредокот** ..... 58

**ПРИЛОЗИ** ..... 59

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ..... 60

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВПБЧП | Водечките принципи на Обединетите Нации за бизнисот и човековите права |
| ГОи | Граѓански организации |
| ЕСС | Економско-социјален совет |
| ЕК | Европска Комисија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗПВЕП | Заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања |
| (М)МСП | (микро,) мали и средни претпријатија |
| МЕ | Министерство за економија на Република Северна Македонија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| НКТ-ООП | Национално координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата |
| ОЕЦД | Организацијата за економска соработка и развој |
| ОН | Обединетите нации |
| ОРМ | Организација на работодавци на Македонија |
| РМ | Република Северна Македонија |
| СКМ | Стопанска комора на Македонија |
| СКСЗМ | Стопанска комора на северозападна Македонија |
| ССК | Сојуз на стопански комори на Македонија |
| УСАИД | Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој |
| ЦОР | Целите на одржлив развој |

# ВОВЕД

Во денешниот контекст на глобализација и поврзани економии е несомнено прифатено дека долгорочниот успех и одржливост на едно претпријатие е поврзан со вградувањето на еколошките, социјалните и етичките аспекти како во управувањето така и во севкупните операции. Забрзаниот економски развој и глобализацијата доведоа до зголемено влијание, позитивно но и негативно (уништување на животната средина, зголемена социјална нееднаквост) врз заедниците во коишто делуваат. Во оваа насока, општествената одговорност наметнува очекување од претпријатијата но и другите општествени чинители во севкупното свое работење, на сите нивоа, да ги земат предвид влијанијата од нивните одлуки и активности врз општеството и животната средина. Новите трендови во иновациите и одржливиот развој отвораат можности за развивање нови решенија за постоечките општествени предизвици. На општествената одговорност повеќе не се гледа како на додаток на редовните деловни активности туку како на составен дел од деловната стратегија.

Неодамнешните истражувања покажуваат дека претпријатијата, особено микро, малите и средните, ја надминуваат фазата на подигање на јавната свест за развојот на општествена одговорност и имаат потреба од понапредна поддршка во нејзината примена. Европската комисија, во 2011 година, започна нова политика во оваа област, која вклучува мерки за подобрување и следење на нивото на доверба во бизнисот, подобрување на процесот на саморегулирање и корегулација, зголемување на пазарната награда за општествената одговорност, подобрување на објавувањето од компаниите на социјални и информации за животната средина како и усогласување на европските и глобалните пристапи кон општествената одговорност. Овие приоритети на ЕУ не се рефлектираа во претходниот национален стратешки документ - Националната агенда за општествена одговорност на претпријатија за периодот 2008-2012 година, во чиј период, и потоа, беа реализирани повеќе проекти на национално ниво кои резултираа со промоција на концептот на општествената одговорност.

Резултатите од спроведувањето на Националната агенда, но и тековните анализи, укажуваат на потребата од развивање нови и конкретни мерки за стимулирање на општествената одговорност, во согласност со најдобрите практики на ЕУ. Првиот чекор во зајакнување на системот на политики и мерки за општествената одговорност беше донесен во 2014 година, кога Министерството за економија создаде нов Сектор за поттикнување на општествената одговорност - што ја демонстрираше посветеноста кон оваа област на политики. Секторот постепено е екипиран со искусни државни службеници, а во моментов има 8 вработени - што ја покажува важноста на областа за државата.

Во 2017 година, Владата ја потврди оваа посветеност кон мерките на политиките за поттикнување на општествена одговорност со доделување буџетски средства за изработка на Среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија, која содржи цели, приоритети, мерки и конкретни активности кои имаат за цел да осигураат унапредување на општествената одговорност на претпријатијата и останатите организации од јавниот и граѓанскиот сектор. Во таа насока, Среднорочната стратегија ги следи и афирмира препораките на Европската Комисија од Обновената стратегија за општествена одговорност 2011-2014 година, како и комплементарните активности за промоција на оддржлив развој и интегрирање на општествената одговорност во процесот на постигнувањето на Одржливите развојни цели, донесени од Обединетите Нации (ОН).

Среднорочната стратегија вклучува и разработен Акциски План за периодот 2019-2023, со конкретни мерки кои имаат за цел да го подобрат степенот на развој и примена на општествената одговорност, со фокус на микро, малите и средните претпријатија. Како клучни приоритетни области, во Среднорочната стратегија, се дефинирани: зголемена видливост на

општествената одговорност и споделени добри практики со фокус на микро, малите и средните претпријатија; повисок степен на вклученост на општествената одговорност во сите сегменти на деловниот модел на претпријатијата; носење поттикнувачки пазарни и регулаторни механизми за општествената одговорност; развој на едукативната компонента за општествената одговорност, корпоративната култура и Одржливите развојни цели; како и зајакнување на ефективниот дијалог и соработка на деловниот сектор, социјалните партнери, Владата и граѓанскиот сектор за унапредување на општествената одговорност. Во остварување на оваа Среднорочна стратегија, клучна е улогата на Владата во креирање поволна средина и институционална поддршка којашто ќе им овозможи на претпријатијата, но и на останатите чинители, суштински да ја интегрираат и практикуваат општествената одговорност.

# РАМКА НА ПОЛИТИКАТА НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

## А. СОСТОЈБАТА НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. СИСТЕМ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Денес, на глобално ниво, е општоприфатено дека државите можат да го поттикнат развојот на општествената одговорност преку креирање поволна правна рамка и политики, како и преку воспоставување институционална рамка, којашто структурирано и стратешки ќе ги поттикнува ентитетите да ги интегрираат економските, социјалните и еколошките аспекти во своето работење. Ова е препознаено и во стратешките документи на Европската Комисија, каде што покрај стратегиите фокусирани на општествената одговорност, се интегрираат и принципите на општествената одговорност во многу секторски политики. На национално ниво, земјите-членки на Европската Унија (ЕУ) ја поттикнуваат општествената одговорност преку делумна легислатива и доброволни регулаторни иницијативи, како што се на пример зелените/или општествено одговорните јавни набавки, задолжителното известување од големите компании за учинокот и начинот на којшто ги вградуваат социјалните и еколошките аспекти во своето работење, националните стратегии за општествената одговорност и сл.

Во Република Северна Македонија, Владата се вклучи во активностите за општествената одговорност во средината на претходната декада, при што напорите беа насочени кон креирање на поттикнувачка институционална рамка, градење на свесност и капацитети кај засегнатите страни како и промовирање на концептот во јавноста, со фокус напретпријатијата. Со одлука на Владата на Република Северна Македонија, во 2008 година беше формирано Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата (НКТ- ООП), коешто функционира во рамки на Економско-социјалниот совет (ЕСС). Координативното тело е составено од 16 претставници од речиси сите засегнати страни од доменот на општествената одговорност - релевантни министерства, стопански комори и бизнис асоцијации, здруженија на работодавачи, синдикати, невладини организации, медиуми. Ова мулти-секторско тело има за цел да ги координира политиките и активностите на различните чинители од доменот на општествената одговорност и да го поттикнува дијалогот за ова важно општествено прашање. Постоењето на функционално мулти- секторско тело по примерот на добрите практики во ЕУ е клучно за поттикнување на општествената одговорност и нејзино интегрирање во севкупното општествено живеење. Како дел од институционалната инфраструктура, во рамки на Министерството за економија, како државен орган назначен за координација на државните активности во доменот на општествената одговорност, во 2014 година се воспостави Сектор за поттикнување на општествената одговорност. Секторот го сочинуваат 8 искусни државни службеници коишто

во текот на годините изградиле знаење во областа и воспоставиле соработка со компаниите и другите релевантни чинители.

Од аспект на политики за општествена одговорност, во октомври 2008 година Владата ја донесе Националната Агенда за општествена одговорност на претпријатијата2008-2012 којашто се фокусира на три главни стратешки цели: 1) подигнување на свеста за општествена одговорност на претпријатијата; 2) развивање на капацитети и компетенции за да се помогне етаблирањето на општествена одговорност на претпријатијата; и 3) Обезбедување на поволен амбиент за општествена одговорност на претпријатијата. Мерките во агендата се развиени на начин кој бара вклученост и соработка на сите засегнати страни, вклучително и на ГОи. Во насока на поттикнување на општествена одговорност и промовирање на позитивни примери, иницирани беа и Национални награди за општествена одговорност коишто 11 години се реализираат од страна на Министерството за економија во соработка со НКТ ООП, како и со други поддржувачи.

## 2. АНГАЖИРАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Претпријатијата се нераскинлив дел од заедницата и играат голема улога во нејзиниот развој. Тие обезбедуваат добра и услуги кои го олеснуваат и подобруваат животот на луѓето, вработуваат луѓе од заедницата, а преку даноците кои ги плаќаат овозможуваат државата непречено да ги унапредува образованието, културата, здравството, социјалната заштита итн. Претпријатијата препознаваат дека за постигнување на долгорочно одржлив бизнис неопходно е да фунционираат во просперитетни заедници коишто постигнуваат рамномерен развој, со висок степен на здрава, едуцирана и компетентна работна сила и кохерентна социјална структура. Поради тоа, голем дел од претпријатијата редовно вложуваат и се ангажираат во заедницата. Формите на вклучување и поддршка на заедниците се најразлични и вклучуваат: донации, поддршка на проекти на другите чинители (најчесто јавните институции и непрофитните организации), корпоративно волонтирање на својот персонал, споделување на знаењата и ресурсите со различни групи од заедницата, консултации со засегнатите страни релевантни за бизнисот и работењето на претпријатието и сл. ЦОР на Обединетите нации нудат глобална рамка и можности за компаниите да вложуваат и иницираат иновативни приоди во решавањето на проблемите на заедниците во коишто делуваат и активно да придонесат во нивното реализирање.

Дел од претпријатијата во Република Северна Македонија покажуваат висока свесност за улогата што ја имаат во развојот на заедниците. Честопати, тие се соочуваат и со очекување од јавноста и бројните општествени чинители за преземање на одговорноста од јавниот сектор при обезбедувањето на основните потреби на граѓаните. Вложувањето во заедницата е доминантниот аспект од општествената одговорност на македонските компании, поаѓајки од фактот што во сите изминати години речиси половина од апликациите на претпријатијата за Националните награди за општествено одговорни практики се во доменот на вложување во заедницата. Притоа, донациите се најзастапената форма на ангажирање во заедницата.

Истражувањата покажуваат дека половина од претпријатијата во земјата донираат во текот на годината без оглед на нивната големина[1]. Воедно, речиси сите големи компании донираат. Како дел од корпоративната филантропија, корпоративното волонтирање е се поприсутно кај македонските компании. Неколку големи компании се истакнуваат со усвоени политики за корпоративно волонтирање и континуирано во текот на годината им овозможуваат на своите вработени во рамките на работното време да се вклучат во активности од полза на заедницата. Другите форми на ангажирање се помалку застапени. Со исклучок на одредени претпријатија, ретки се останатите деловни субјекти коишто водат структуриран дијалог и консултации за својот бизнис и учинок заедно со засегнатите страни (институциите, здруженијата, академијата, деловните партнери и сл.). Државата има препознаено дека преку донациите претпријатијата стануваат партнери на јавните институции во развојот на заедниците, што е артикулирано преку овозможувањето на даночни поттикнувања на донациите и спонзорствата во областите од јавен интерес. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности е донесен во 2006 година и најчесто се користи од големите компании, а поретко од малите и средни претпријатија (МСП) и граѓаните. Во примената на законот се идентификувани предизвици особено од аспект на административната процедура и контролата, коишто креираат потешкотии и правна несигурност за корисниците на овој закон.

И покрај значителните ресурси што претпријатијата во Македонија ги донираат за локалните заедници, сеуште недостасува стратешки приод којшто се стреми да го максимизира учинокот и влијанието на претпријатието во заедницата. Само кај дел од големите претпријатија се забележува обмислен приод додека останатите донираат најчесто врз ад-хок основа, и на директно барање од примателите . На тој начин, нивниот ангажман во заедницата е условен од проактивноста на примателите, а не на самите претпријатија. Следствено, областите коишто добиваат најголема поддршка од претпријатијата се хуманитарната помош (лекување, помош на сиромашни, хуманитарни непогоди и сл.), спортот, изградба на верски објекти и културни манифестации[2]. Иако на вредносно ниво компаниите ја препознаваат важноста од поддршка во областите како што се образование, животна средина, научни истражувања и слично, во секојдневната практика тие вложуваат во цели коишто будат емотивна реакција и се во голема мерка условени од личните преференци на раководителите на компаниите. Во своето донирање, претпријатијата честопати излегуваат од границите на локалната заедница и околу 63% од претпријатијата донираат и надвор од општината во која делуваат. Хуманитарниот карактер којшто преовладува при донирањето помага да се санираат последиците од одредени општествени состојби, но не нуди долгорочно решавање на причините за општествените проблеми и изнаоѓање на одржливи решенија за унапредување на благосостојбата на заедницата. Само 17% од претпријатијата што дале донација поддржале некого или некоја иницијатива во континуитет.

Во оваа насока, постои значителен простор за унапредување на практиките на ангажирање на претпријатијата во заедницата. Претпријатието треба да гледа на донациите како на инвестиција во општеството и да се стреми да ги максимизира трајните ефекти кои донацијата може да ги оствари. Дополнително, структурираното вклучување и консултирање на засегнатите страни во деловното работење на претпријатието ќе го зајакне неговиот легитимитет во заедницата и ќе изгради однос на доверба помеѓу претпријатието и заедницата. Покрај донациите, потребно е да се поттикнуваат претпријатијата, во рамки на својот основен бизнис, да иновираат и иницираат нови производи и услуги чија што примарна цел е да решат одреден проблем во заедницата и да ја подобрат социјалната кохезија и благосостојба.

[1] Карајков Р., Истражување на ставовите, верувањата и практиките на прибирање на ресурси и соработката помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор, Конект, 2014

[2] Ibid.

## 3. ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Граѓаните на Република Северна Македонија сеуште се загрижени за влијанието врз животната средина, како од економските активности така и од климатските промени (кои во последните десетина години земаат голем замав). Она што до неодамна претставуваше за земјата далечна иднина сега е реалност -загадување на воздухот во урбаните средини поради слаба диверзификација на енергетските ресурси, голем број (постари) возила кои работат на фосилни горива, недостаток на култура одржување чиста околина, слаб менаџмент на систем за отпадоци и нивно рециклирање или реупотреба, резултираше со видливи промени во нашето опкружување. Зголемување на бројот на топлите денови, намалувањето на вегетацијата но и на екстремни појави како поплави, невремиња, ги загрижува нашите граѓани. Во последниот период, природните катастрофи и климатските промени резултираа со зголемена свест на граѓаните за барање решенија од одговорните чинители, за редовна расправа и понесување одговорност од граѓаните, деловниот сектор и посебно властите за решавање на проблемите на животната средина. Во тој поглед, енергетските политики и субвенции за греење на граѓаните, алтернативните средства за превоз, започнуваат да се спроведуваат и во земјата.

Токму ова се поизразено гледиште за холистички пристап кон општествената одговорност од страна на крос-секторски чинители, зголемениот и брз пристап до информации за животната средина (вклучително и преку социјалните медиуми), резултираше со појава на нов феномен на свесни и одговорни граѓани кои информираат за нарушување на животната средина. Ваквите „свиркачи" мобилизираат голем број граѓани кои сакаат конечно да обезбедат здрава и чиста животна средина во земјата. Со приближувањето кон ЕУ, и позитивните законски промени и донесување нови политики кои ги отсликуваат потребите на граѓаните (пр., Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020[3], донесена во мај 2015 г.) се забележува еден тренд на препознавање на важноста на климатските промени и потребата за преземање ефективни акции за ублажување на истите. Индикативно е што една од целите на стратегијата за климатски промени е и „остварување на климатски флексибилно општество и економија, преку постигнување на оптимален однос меѓу трошоците и добивките". Токму ова во минатато претставуваше целта на општествената одговорност во делот на животната средина. Сега, со поизразените ефекти од климатските промени, Владата има можност да поттикне и поддржи заштита на најранливите сектори во земјата (водни ресурси, земјоделство, биолошка разновидност, здравство, културно наследство, туризам) од страна на деловниот сектор. А тоа може да го направи само со поголема координирачка улога, операционализирање на новата стратегија за животна средина и климатски промени и вклучување на сите сегменти од општеството во процесите на заштита на природните ресурси.

Претпријатијата тука имаат голема улога. Со зголемувањето на присуството на странските инвестиции во земјата, се очекува и зголемување на добрите практики на претпријатијата во делот на животната средина и климатските промени. Искуствата во земјата, регионот и светот покажуваат дека вложувањето во добри практики кои ја заштитуваат животната средина ги намалуваат и негативните ефекти од климатските промени. Во овој период, дел од претпријатијата, како што тоа го покажуваат и искуствата од Наградите за општествено одговорни практики, започнат со промоција на технолошки иновации и модернизација на процесите и производите, кои резултираат со заштита на животната срединаи поголема ефикасност и заштеда за самите претпријатија. Владата конечно го препозна ова и преку институциите во системот за прв пат обезбеди и државна

[3] Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020, Министерство за животна средина ипросторно планирање, Влада на Република Северна Македонија, мај 2015

поддршка за деловниот сектор (но и за граѓанските организации) кои ќе промовираат иновативни решенија за заштита на амбиенталниот воздух во главниот град на државата[4].

Згора на тоа, притисокот кој се врши врз претпријатијата, посебно поголемите, како резултат на зголемен број активисти во социјалните медиуми, за самите претпријатија се повеќе се суди врз основа на нивниот однос кон животната средина и климатските промени. Во денешно време, потрошувачите / граѓаните се подобро информирани за животната средина, еколошки се посвесни, што мора да ги поттикне успешните претпријатија во развој на нови еколошки прифатливи продукти, и надвор од законските регулативи. Токму тука, општествената одговорност претставува можност за обезбедување поголема конкурентна предност. Во изминатата декада започна со спроведување на програми за енергетска ефикасност каде се вкпучија кредитни линии кои за цел имаат намалување на штетните ефекти врз животната средина но и заштеда за претпријатијата и домаќинствата. Покрај очигледното влијание од страна на позитивните законски регулативи, посебно во однос на ЕУ законодавството (кои се рестриктивни и бараат големи вложувања), сепак, неизбежно да се оцени дека и граѓаните стануваат видлив и значителен дел од влијателните сили за заштита на животната средина.

Конечно, ЕУ, во последните неколку години го промовираше и концептот на „зелен раст и циркуларна економија" што претставуваа нов и зајакнат фокус на заштита на животната средина, но сега со фокус на економијата. Ова е правилен пристап за мотивирање на што поголем број компании за доброволно вклучување во процесот на заштита на животната средина. Целта е да се менаџира подобро природниот циклус на природните ресурси од страна на компаниите, се до повторно искористување (рециклирање) на сите ресурси во циклусот. Овој систем се грижи посебно за ефикасна употреба на природните ресурси, еко- иновациите, суровините, нивното користење во производство, потрошувачката на ресурсите и квалитетното управување со отпадоците.

Претпријатијата мора подобро да планираат мерки за усогласување со регулативата и подзаконските акти поврзани со животната средина и климатските промени. До сега, главниот закон кој ја уредува оваа тематика, Законот за заштита на животната средина, сеуште ги наведува единствено јавните претпријатија, како чинители во државата одговорни за обласа.

Иако во голем дел од земјите од ЕУ одговорните претпријатија имаат предност при набавките (од јавни фондови), преку „Зелени и одржливи јавни набавки", што претставува процес со кој јавните претпријатија може да дадат предност во набавките до претпријатија кои се грижат интензивно да го намалат своето влијание врз животната средина, Македонија заостанува во овој поглед.

## 4. ОДНОС КОН ВРАБОТЕНИТЕ

Односите со вработените претставуваат еден од клучните составни делови на општествената одговорност. Според ИСО 26000 (Водич за општествена одговорност) односите со вработените го опфаќаат вработувањето и работните односи, условите на работниот однос и социјалната заштита, социјалниот дијалог, безбедноста и здравјето на работното место, развојот на човечките ресурси и обуката на работното место. Правилното уредување на односите со вработените ги поткрепуваат успешните претпријатија и оние кои сакаат да го привлечат и задржат најдобриот талент мора да покажат посветеност кон добри практики на работното место. Мотивираните и посветените вработени придонесуваат кон тоа да обезбедат продуктивност, добра услуга за клиентите и иновации, кои придонесуваат за успех во бизнисот и поддршка на севкупната репутација на бизнисот.

[4] Јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните срединиво Република Северна Македонија, Фонд за иновации и технолошки развој, ноември 2017

И покрај уредените односи во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија, која ги следи европските и светските стандарди за обезбедување работна средина,поттикнувачка за вработените, претпријатијата може да обезбедат и дополнителен број мерки за подобри постигнувања а притоа да обезбедат добра рамнотежа помеѓу приватните и професионалните обврски. Дел од законите кои управуваат со оваа област се: Законот за работни односи; Законот за безбедност и здравје при работа; Законот за еднакви можности на жените и мажите; Законот за спречување и заштита од дискриминација; Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност; Законот за инспекција на трудот; Законот за вработување на инвалидни лица, итн.

Во услови на зголемена миграција, и намалување на бројот на (квалитетни) човечки ресурси во земјата, работодавците се соочуваат со зголемен притисок и неможност да обезбедат квалитетни човечки ресурси што предизвикува намален раст на претпријатијата. ЕУ во меѓувреме работи интензивно на промоција на подобрени животни и професионални услови, соодветна социјална заштита, промоција на социјален дијалог, но и развој на човечките ресурси и борба против исклученост при вработување. Согласно нивната 10- годишна стратегија за работни места и паметен, одржлив и инклузивен раст, беа дефинирани повеќе цели коишто се однесуваат на работната сила, односно зголемување на учеството на пазарите на трудот на лицата од 20 до 64 години до 75% до 2020, поврзани со останати едукативни и социјално инклузивни цели. Во меѓувреме, стапката на невработеност во земјата изнесува 21%, што претставува точно за 3 пати поголема стапка на невработеност во споредба со просекот на ЕУ[5]. Од друга страна, работодавците се жалат на слабо едуцирани човечки ресурси или нивно отсуство, што ја загрозува нивната работа.

Но, постои одреден дел на претпријатија кои вложувале и вложуваат во подобри услови за работа и мотивирање на вработените. Таквите претпријатија речиси како правило се во подобра ситуација да забележат раст и да обезбедат одржливост. Во последните години во земјата се забележува интензивна поддршка за вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот (тука би ги вклучиле и долгорочно невработените, жените и младите), преку програмите на Владата. Со поддршката преку доедукација или преквалификација, како и со субвенцирано вработување, Владата успеала да одржи помала невработеност во државата. Анкета реализирана во рамките на проект за општествена одговорност во 2013 година покажа дека најголем број од претпријатијата (100 претпријатија интервјуирани) сметаат дека одговорноста кон вработените и обезбедување работни места е најважна компонента од понудените елементи на општествената одговорност.

Во ЕУ веќе некое време е започнат процес на обезбедување подобности за претпријатијата кои ги надминуваат законските обврски при обезбедување вработувања (најчесто поврзано со ранливи групи, лица со посебни потреби и полова еднаквост). Иако и во земјата, преку Наградите за општествено одговорни практики, се забележуваат и промовираат добрите примери за односи со вработени, потребно е промовирање на поголемо и поквалитетно вклучување на ранливите групи, но и обезбедување рамноправност на приватен и професионален план (work-life balance).

Идните активности во подобрување на односите со вработените, покрај законските обврски за заштита на правата на работодавците и на вработените преку обезбедување јасна рамка на права и обврски, како и заштита на здравјето, треба да обезбедат мотивациски мерки и постојано усовршување на вработените.

## 5. ЕТИЧКО УПРАВУВАЊЕ

Етичкото управување во организациите е категорија на општествена одговорност која ги поврзува сите останати компоненти и се однесува на содејството на една организација со

[5] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Unemployment statistics

останати ентитети, од сите сектори. Во однос на општествената одговорност, посебен фокус на етичкото управување се практиките кои ги користи една организација, со правилен и фер пристап, со цел да се постигнат резултати од кои корист имаат поширок круг граѓани. Најважен елемент во етичкото управување е квалитетното управување, т.е. лидерство и промоција на сеопфатно вклучување на општествената одговорност во работата на организациите.

Во изминатата декада, на домашните претпријатија (и институции) им беше познат пристапот на фер оперативни практики, како што се тоа социјалните и еко ознаките кои укажуваат на квалитетен продукт или услуга но и правилен процес на нивната изработка и испорака. Ова посебно станува важно за се поголем број нови и помлади потрошувачи, чии одлуки ги засноваат на фер практики.

За жал, во изминатиот период, беа забележани поголем број примери на не-етичко однесување, кое во голем број случаи може да се дефинира како користење на позициите за лично богатење - корупција. Ова беше дефинирано во повеќе извештаи од ЕУ, на највисоко ниво во државата. Ваквиот пристап на корупција на сите нивоа во земјата, влијае на организациската ефективност но и на репутацијата на организацијата, и го еродира демократскиот процес во една држава, која е заслабена и осиромашена (21.9% од луѓето во земјата живеат под прагот на сиромаштија). Во вакви услови, со зголемена миграција и недоволно конкурентни домашни претпријатија, дополнителен проблем е спроведувањето на анти-корупциската регулатива. Во делот на корпоративниот сектор, дел од претпријатијата укажуваат на тешките административни процедури кои носат доцнења а со тоа и можности за корупција. Одредени сегменти, како што се тоа јавните набавки, царината, и слично, претставуваат особен ризик за коруптивно однесување од страна на претпријатијата. Иако домашната регулатива е прилагодена со ЕУ законодавството, со кое поединците и компаниите можат кривично да одговараат за коруптивни практики, многу малку случаи се процесирани.

Согласно принципите на општествената одговорност во делот на етичкото управување, тука се вклучени и почитувањето на правата за сопственост; правото на физичка сопственост но и интелектуална сопственост, вклучително и недвижнини, авторски права, патенти, како и останати права. При легализирање на дивоградбите и приватизирање на државното земјиште во изминатата декада се забележаа повеќе проблеми кои резултираат со пролонгирање на процесот. Ова посебно се однесува на ранливите групи кои немаат посебно знаење ниту средства да обезбедат заштита на своите права. Исто така, со непочитување на правата за заштита на физичка и интелектуална сопственост, се руши можноста за бизнис иновации и поттикнување креативност. Во однос на главниот закон кој ја уредува корупцијата (како спротивна на етичкото однесување) е Законот за спречување на корупцијата, преку Државната комисија за спречување на корупцијата. Пред се, овој закон се однесува на лицата со јавни функции и судир на интереси, а не се дефинира улогата на деловниот сектор. И покрај тоа, комисијата до сега не покажала големи резултати во ситуација на, според перцепцијата на многумина, распространета корупција.

Друг закон кој беше донесен во последните 5 години е Законот за заштита на конкуренцијата (со главното тело Комисија за заштита на конкуренцијата), во која се носат мерки за забрана на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, мерките и постапките во врска со ограничувањата на конкуренцијата.

## 6. ОДНОСИ НА ПАЗАРОТ

Како една од категориите на општествената одговорност, односите на пазарот (односи со снабдувачи / односи со потрошувачи) би требало значително да ја отсликуваат општествена одговорност на претпријатијата. Во овој домен можеме да констатираме скромен напредок, посебно во категоријата односи со снабдувачи кој секако се должи и на зголемениот број странски економски оператори во земјата, а со нив полека навлегуваат практики на општествена одговорност со кои појасно би требало да се дефинираат односите кон потрошувачите и снабдувачите.

Голем дел од проблемите во доменот односи на пазарот се однесуваат на заштита на потрошувачите и одговорноста при производство и продажба на производи и услуги. Без разлика на функционирањето на воспоставениот систем, потребата од законско доуредување е евидентна, а новиот Закон за заштита на потрошувачите и среднорочната стратегија за заштита на потрошувачите кои треба да бидат донесени во 2019 г. би требало да воспостават подобра усогласеност и транспонираност на правната регулатива на ЕУ и институционално поврзување со цел системот за заштита на потрошуваните подобро да функционира. Паралелно потребно е да се развиваат механизмите за едукација на потрошувачите и бизнис заедницата со што ќе се промовира и етаблира фер конкуренцијата, што ќе придонесе за заштита на правата на потрошувачите и интересите на претпријатијата коисе насочени кон долгорочни цели и имаат намера да применуваат фер практики. Проблемите главно се идентификуваат во примена на нечесни пазарни практики, кои се согледуваат преку пласманот на неточни, невистинити или измамнички информации што им се нудат на потрошувачите преку измамни огласувања или други видови трговски пракси,непочитување на договорите, нерешавање на проблемите на потрошувачите по мирен пат и во нивна корист, создавање на клима за развој на нелојалната конкуренција со што се нарушува пазарот, како и се почестата злоупотреба на монополската или доминантната позиција и слабата реакција на регулаторите во заштита на послабата страна – потрошувачот. Со унапредувањена законската регулатива и мерки за поттикнување на фер конкуренција и примената на фер трговски практики, овозможување подобро функционирање на граѓанските организации-и кои ги штитат потрошувачите, потпишувањето кодекси за фер однос на трговците кон потрошувачите и поттикнување спогодбено решавање на проблемите со посредство на граѓанските организации и нивната партиципација во регулаторните тела се очекува да се намалат ризиците за злоупотребата на правата на потрошувачите Иако меѓународните норми и националното законодавство се става во функција на заштита на правата на потрошувачите, сепак, истите во земјата потешко се заштитуваат. Она што може да помогне во идниот период е промоција и доследна примена на новиот Закон и Стратегијатаза заштита на потрошувачите, промоција на правата на потрошувачите преку стимулирање на деловни практики за фер однос кон потрошувачите, вклучително и потпишувањето и примената на кодексите за фер односи со потрошувачите кои се предвидени и во правото на ЕУ а и во нашето законодавство, спогодбеното решавање на споровите помеѓу потрошувачите и трговците, јакнењето на улогата на носителите за заштита на потрошувачите. Релевантен закон во оваа област е Законот за заштита на потрошувачите кој претрпе повеќе амандмански измени од донесувањето во 2004 година, а ја уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на нивна заштита, надлежностите на органите на државната управа како и правата и обврските на граѓанските организации во заштита на правата на потрошувачите. Овој закон најдиректно го дефинира потребното, законски одредено, однесување на трговците (претпријатијата) при промоција и продажба на производите и услугите на потрошувачите како физички лица, како и управните мерки и прекршочните санкции кои може да се преземат.[1]

Во делот на односи со добавувачи, мора да се укаже на се поголемиот број механизми кои се применуваат од страна на набавувувачот и добавувачот. Во нивните договорни обврски, во изминатиот временски период, се забележуваат значителни подобрувања во однос на уредување на односите. Како што тоа се забележува од резултатите од Наградите за општествено одговорни практики, поголем број претпријатија, под влијание на интернационални компании или самостојно, воведе механизми со кои се уредува соработката со добавувачите. Дел од практиките се должат на (нови) стандарди за менаџмент со квалитет. Тука би ги издвоиле и практиките за носење политики за одговорни набавки со кои претпријатијата дефинираат одговорна набавка за сите добавувачи, со подобрување на договорите за соработка. Во основа, овие стандарди и практики ги заштитуваат основните човекови права, меѓународните етички правила но и регулативите за здравје и безбедност при работа, заштита на животна средина, итн.

Како што е наведено погоре, ЕУ воспоставува систем со кој ќе се „наградат" општествено одговорните претпријатија во делот на јавните набавки. Покрај процесот на „Зелени и одржливијавни набавки", Европската комисија ги постави следните постулати за јавни набавки во

[1]Чекори за решавање на проблемите на потрошувачите, Организација на потрошувачи на Македонија иМинистерство за економија на Република Македонија, 2017

иднина. Наместо најевтина цена, компаниите ќе се ценат и со нивните напори за социјална инклузија (пр. вработување лица со посебни потреби, родова рамноправност, итн.). Следен принцип е целосно почитување на обврските кон државата и вработените од страна на претпријатието со цел да биде конкурентно во јавните набавки. И последно, во однос на специфичните пазарни односи, ќе се бара транспарентност во целиот синџир на испораката на продуктот / услугата. Тоа значи дека сите подизведувачи и соработници мора да бидат наведени со цел да се осигура дека сите алки во синџирот демонстрираат одговорно однесување. Од друга страна, Владата може и преку сопствен пример да постави повисоки стандарди на однесување со добавувачите и корисниците на јавните услуги и на тој начин да ги унапредува односите на пазарот.

## Б. ЗНАЧЕЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општествената одговорност како концепт на водење на бизнисот има различно значење во поединечните национални економии. Во тој контекст, значењето на општествената одговорност зависи пред се од спецификите на економијата во којашто се спроведува, нивото на развиеност на економијата, флексибилноста на понудата во однос на побарувачката, но и традициите, образованието и нивото на општествениот развој, односно степенот на развиена свесност кај поширокото граѓанство за заедничките приоритети и цели, и поимањето на улогата која во тој процес треба да ја има деловната заедница. Од тие причини, лесно се видливи разликите во пристапот кон општествената одговорност помеѓу развиените економии и економиите во развој, како и видливите разлики во приоритетите и темите на кои се посветува соодветно внимание. Притоа, секоја национална економија има свои приоритети, односно критични точки кои нанесуваат штета на општеството и на кои треба да се интервенира. Така, во одредени земји приоритет се става на принудната работа, односно работата на децата, додека кај други земји, клучно прашање е јаглеродниот отисок кој бизнисите го оставаат. Ваквите крајности само го отсликуваат исклучителниот спектар на разлики помеѓу економиите и може да се дојде до заклучок дека секоја од економиите има засебен пристап, цели и мерки, како и очекувања од концептот на општествената одговорност. Република Северна Македонија во овој домен има свои приоритети и критични теми, заради што е неопходно градење на прилагоден пристап. Кога се зборува за значењето на општествената одговорност во Република Северна Македонија, неопходно е да се појде од објективните околности и карактеристики на економијата и општеството.

Имено, по периодот на општествена транзиција којшто донесе тектонски промени во квалитативната и квантитативната структура на македонската економија, како резултат произлегоа голем број новоформирани деловни субјекти, со мошне слаби капацитети за работа и развој. Големите деловни субјекти во најголем дел беа затворени или распарчени на нефункционални делови, кои долги години преживуваа на неекономски принципи. Во нивната континуирана борба за опстанок, компаниите низ годините се фокусираа на дневните оперативни задачи, без можност да изградат стратешки пристап и да размислуваат за долгорочен и одржлив развој на бизнисот. Едуцирањето на квалитетен раководен кадар, вложувањето во вработените и нивното професионално усовршување беа маргинализирани, заради природата на бизнисите, кои по правило беа мануфактурни и трудоинтензивни, без современи технолошки решенија. Отсуството на странски инвестиции дополнително придонесе за ваквата состојба.

Од друга страна, пазарот како чинител во градењето на однос на компаниите кон општеството, се карактеризираше со екстремна понуда на евтина и нискоквалификувана работна сила, која немаше реална можност да влијае на подобрување на лошите практики на раководителите во процесот на вработување, отпуштање и наградување на вработените.

Истовремено, побарувачката кај потрошувачите како можен инструмент за притисок врз деловните субјекти беше целосно ценовно зависна, што значеше дека цената беше единствен критериум за купување и не постоеше опција купувачот да го казни продавачот со бојкотирање на производите, без обзир на лошите практики.

Долгогодишното доцнење на креирањето на поволно деловно окружување резултираше со слаби механизми за заштита на правата на потрошувачите и недоверба на големи сегменти од популацијата кон деловните субјекти. Од друга страна,недоволното спроведување на регулативата придонесе во јавноста да се изгради перцепција дека деловниот сектор игра негативна улога и претставува главен причинител на проблемите со кои се соочува општеството, изразени во ниски плати, корупција, висока невработеност, лош третман на вработените, животната околина и општеството во целост. Овие паралелни процеси го доведоа деловниот сектор во позиција да се бори со негативниот имиџ и да бара начини како до заедницата да ја пренесе пораката дека на деловниот сектор треба да се гледа како на дел од решението а не носител на проблемот.

Во текот на последните години, во земјата се забележуваат трендови кои имаат сериозно влијание врз деловните политики на компаниите да се насочат кон спроведување на општествената одговорност во своите редови а се очекува и значителен пораст на влијанието во иднина. Имено, на полето на работната сила, големиот бран на иселување на млади лица од сите региони, полека но сигурно ги доведе деловните субјекти во позиција да се борат за квалитетен кадар и во голема мера го намали бројот на апликанти за огласените работни места. Од друга страна, можностите кои ги нуди дигиталната економија, за работа од дома и креирање на приходи по дигитален пат, дополнително го намали интересот кај младите за ангажирање на традиционални работни места, со утврдено работно време. Растот на платите во ИТ-секторот, како и фактот што во меѓувреме и странските инвестиции ангажираа значителен број на невработени кадри, уште повеќе ги намалија можностите на работодавачите, да бираат од голем број евтини кадри.

Иако заради нискиот стандард, населението сеуште покажува ниска ценовна флексибилност, во доменот на побарувачката оформената конкуренција сепак овозможи дел од населението да носи одлуки каде и што ќе купува, врз база на информации кои ги има за понудувачот. Овој тренд веќе е видлив во малопродажбата, преку акциите од социјален карактер кои ги спроведуваат фирмите, како вработување на поранешни деца без родители или организирање донаторски активности со учество на купувачите. Од друга страна, се јавуваат и движења на организиран граѓански отпор кон компаниите кои применуваат неодговорни практики со што се нанесува значителна штета на компаниите, која по правило можела да се избегне со навремено прилагодување. Подобрувањето на регулативата и заострувањето на инспекцискиот надзор изврши дополнително влијание врз деловниот сектор во насока на промена на нивното однесување и спроведување на механизмите за заштита на потрошувачот и гарантирање на квалитетот. Јавниот притисок врз компаниите кои се инволвирани во корупциски скандали и непочитување на законите јакне и во тој процес клучна улога има граѓанскиот сектор, кој во меѓувреме е видно засилен.

Сите овие промени на окружувањето даваат јасна слика за значењето на општествената одговорност. Имено, од концепт кој беше воведен заради глобалните трендови и како добра волја на поголемите претпријатија, денес, како резултат на изменетите околности, станува неминовен дел од деловната стратегија на секое посериозно претпријатие и клучна алатка во борбата на секое претпријатие, да го подобри својот углед и да ја зацврсти лојалноста кај своите вработени, купувачи, соседи, медиуми, но и пошироката јавност. Ова е нов квалитет на општествената одговорност кој отвара неограничен простор за развивање на креативни решенија и модели за подобрување на работењето на фирмите и нивните постигнувања, во насока на обезбедување на долгорочен одржлив развој.

## 1. ОСНОВИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА

Претпријатијата се клучниот елемент во концептот на општествената одговорност. Но, во однос на нивното вклучување во примената на општествената одговорност постојат разни толкувања и заблуди. Имено, нивното вклучување не се подразбира, ниту смее да се потпира само на добрата волја или личните афинитети на водечките раководители, бидејќи таквиот пристап е субјективен и неодржлив. Треба и да се напомене дека обидите претпријатијата да се принудат да спроведуваат општествено одговорни практики, завршуваат без успех и само ги оддалечуваат деловните луѓе од концептот на општествената одговорност. Така, се наметнува заклучокот дека вклучувањето на деловната заедница може да биде сеопфатно, успешно и целосно само доколку се заснова на деловна логика, интерес и одржлив раст на претпријатието и профитот. Секое претпријатие е исправено пред дилемата дали вложувањето во општествената одговорност ќе го смета за трошок или инвестиција, односно дали ќе го спроведе во обем кој ќе му овозможи заштита од неповолните влијанија на пазарот, или ќе изгради пристап кој ќе придонесе за натамошен раст на бизнисот и подобрување на вкупните постигнувања. Во тој процес на одлучување, дилемата "Дали ќе имам корист од одговорните практики" се заменува со дилемата: "Дали можам да си дозволам неодговорни практики"? Раководителите, како лица одговорни да обезбедат раст на профитот за своите акционери и содружници се должни да избегнуваат ризици кои ќе го загрозат профитот, а општествената одговорност притоа може да игра исклучително корисна улога. Пред донесување на одлуката, тие се должни да ги запознаат поволностите и ризиците кои со себе ги носи одговорното, односно неодговорното деловно однесување, а кои во најголем дел се содржани во овој преглед:

**Можни поволности од општествено одговорно работење**[7]

| |
|---|
| Подобрен деловен углед и зголемена вредност на брендот. |
| Привлекување и задржување врвни, обучени, талентирани соработници. |
| Повисок степен на задоволство од работниот однос, лојални вработени и нивна идентификација со претпријатието. |
| Пристап до квалитетни деловни партнери што ги споделуваат општествено одговорните практики и што градат силна и трајна заедница. |
| Стекнување статус на претпочитан партнер кај домашните / меѓународните корпорации, како дел од нивниот снабдувачки синџир, составен само од компании со доверба. |
| Стекнување лојални и задоволни клиенти. |
| Подобрување на структурата на клиентите: место клиенти што веднаш ќе прејдат кај конкурентот ако добијат пониска цена или поповолни рокови на плаќање, да се добие квалитетна база на клиенти со висока флексибилност. |
| Подобрено управување со ризиците, нивно навремено предвидување и намалување на нивните штетни последици. |
| Поповолен пристап до пазарот на капитал, кредити и работа на пазарот на хартии од вредност (при донесувањето одлуки во банките, освен мерливите критериуми, секогаш постои и факторот на субјективно мислење, односно како банката гледа на компанијата и на нејзината позиција на пазарот). |
| Привлекување општествено-одговорни инвестиции за раст на капиталот. |
| Изградба на добри односи со јавните служби и управни органи, и со пошироката јавност. |
| Можност за маркетиншко искористување и подобрување на односите со јавноста во насока на подобрување на имиџот. |
| Навремено приспособување на интерната организација и структура за справување со предизвиците што неминовно доаѓаат: стандардизација на општествената одговорност и слично. |

[7] Извор: Peters, A., Roess, D.: The Role of Governments in Promoting Corporate Responsibility and Private Sector Engagement in Development, Bertelsmann Stiftung, Berlin, 2010, p. 23

Од овој преглед може да се заклучи дека потенцијалните поволности може да бидат од решавачко влијание за успехот, на долг рок.

Во следниот преглед се претставени можните негативни последици ако претпријатието не се придржува до принципите на општествената одговорност на претпријатијата.

**Можни негативни последици од општествено неодговорно работење**[8]

| |
|---|
| Претпријатието и особено неговото раководство може да се најдат на удар на законите и да бидат предмет на разни судски постапки за обесштетување. |
| Може да дојде до губење на изградени, талентирани стручни вработени чие надоместување бара огромни вложувања. |
| Може да дојде до губење на инвеститори, кои поради однесувањето на претпријатието ќе немаат доверба во капацитетот да се обезбеди стабилен и одржлив деловен успех. |
| Овие ризици може да донесат пад на вредноста на акциите ако таквите информации стигнат до јавноста или до инвеститорите, кои ќе ги избегнуваат акциите на претпријатието. |
| Се јавува зголемена цена на капиталот бидејќи може да биде потешко да се обезбеди поддршка од банките и од другите финансиски институции, односно да се добијат поповолни каматни стапки. |
| Клиентите може да прејдат кај конкуренцијата бидејќи не сакаат да бидат видени и да се идентификуваат со претпријатие што е општествено неприфатливо и не се грижи за нив, за нивната средина и за нивните пријатели. |
| Клиентите и деловните партнери може да донесат одлука да ја прекинат соработката бидејќи статусот на општествено неодговорно претпријатие лошо влијае врз нивниот углед и се коси со нивните обврски да не земаат учество во снабдувачки синџир што не ги почитува принципите на општествената одговорност. |
| Општествено неодговорното однесување може да влијае врз капацитетот успешно да се учествува во доделувањето јавни набавки, особено кај институциите што се залагаат за почитување на овие принципи, како Светска банка, ЕУ, нивните агенции, итн. |
| Општествено неодговорното однесување ги прави ранливи претпријатијата на кампањи за оцрнување во јавноста, што може да предизвика силни и долготрајни негативни последици |

Со неодговорното работење, можните негативни последици стануваат веројатни и претставуваат сериозна закана за опстанокот на претпријатието, независно од неговата големина и финансиски капацитет.

Како што може да се констатира од анализата на можните позитивни и негативни ефекти на применувањето на принципите на општествена одговорност, изменетите услови на работење може да се гледаат на два начина. Од една страна, претпријатијата кои уживаа во погодната позиција, која од нив не бараше одговорно однесување, ќе се најдат во понеповолна позиција да мора да се менуваат и приспособуваат кон новите околности: да водат грижа за своето однесување и да го направат концептот на општествената одговорност нивно секојдневие, што бара време и ангажман. Но, од друга страна, претпријатијата што навремено ја увиделе потребата да се биде општествено одговорен, како и новите субјекти на пазарот, добиваат можност општествената одговорност да ја искористат како компаративна предност што ќе ги направи поконкурентни, односно ќе им даде аргументи за поголем успех пред нивните клиенти и корисници.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА

Колку што се стари дилемите и дебатите за дефиницијата на општествената одговорност, толку долго постојат и дискусиите за улогата на државата во таа смисла. Дебатата за улогата на државата најчесто е поврзана со нејзината регулаторна улога, односно со обидите да се даде одговор на прашањето во која мера државата треба да се инволвира во регулирање на

[8] Извор: Peters, A., Roess, D.: The Role of Governments in Promoting Corporate Responsibility and Private Sector Engagement in Development, Bertelsmann Stiftung, Berlin, 2010, p. 24

општествената одговорност со правни и со нормативни акти. Сепак, државата се јавува во многу комплексна улога и односите што произлегуваат од тие околности се предмет на анализа.[9] Државата во контекстот на општествената одговорност се јавува во најмалку две улоги: како деловен субјект и како интересна заедница.

**Државата како деловен субјект**

Како деловен субјект, државата е по дефиниција сопственик на голем број јавни и државни претпријатија и треба да ги имплементира принципите на општествената одговорност како и секој друг работодавач, а притоа да му дава и пример на деловниот сектор како може подобро да се работи. Во таа улога, државата се појавува во повеќе функции врзани за општествената одговорност[10]:

- *Работодавач* - во повеќето економии државата е најголем работодавач и природно има улога да води сметка за своите сегашни и идни вработени и за нивниот однос кон сите други сегменти на општеството;
- *Понудувач* на услуги и производи: државата е учесник на пазарот и мора да постапува според воспоставени деловни практики, што вклучува и конкурентни цени, оптимален систем на набавувачи и дистрибутери, пазарен натпревар со останатите понудувачи;
- *Купувач:* како еден од најголемите купувачи (често и најголем), државата дефинира правила и принципи по кои ќе функционира таа, а на тој начин и целото стопанство; тоа најмногу се огледува во јавните набавки, мерките против корупцијата, квалитативните стандарди, едукацијата,
- и други улоги во кои државата може да се најде како деловен субјект.

**Државата како интересна заедница**

Како интересна заедница, државата се јавува во две клучни улоги.

Како *национален регулатор,* државата треба да оформи регулатива со која ќе дефинира законски основи кон кои стопанството мора да се придржува, а кои ќе претставуваат долна граница на етичкото однесување. Со оглед на тоа дека во основата на дефиницијата за општествената одговорност лежи фактот дека таа се однесува само на она што го прават бизнисите над нивните законски обврски, постоењето на квалитетна базична регулатива во оваа смисла има три задачи:[11]

- да служи како појдовен индикатор со кој се мерат квалитетот и квантитетот на активностите што ги преземаат претпријатијата на тема општествената одговорност
- законите и останатите регулаторни акти да содржат промотивна улога и конкретни мерки што ќе придонесат за ширење на добрите практики од доменот на општествената одговорност со разни облици на стимулации, субвенции и слично, и
- воспоставување механизми што ќе оневозможат и ќе дестимулираат секаква злоупотреба на општествената одговорност и нанесување штети што може да бидат големи (на пример, надзорот над вистинитоста на тврдењата за применетите практики на општествената одговорност може да придонесе средствата за поддршка на добрите примери да не се даваат на погрешни претпријатија, особено кога се работи за даночните олеснувања и слично, но и да превенираат имиџот на целата економија да се доведе под сомнеж со толерирање негативни практики, како и економијата во очите на странските инвеститори да стане помалку атрактивна).

Како *носител на развојот,* државата има задача на својата економија да и обезбеди подобра деловна клима и конкурентност на домашниот и на меѓународниот пазар, усвојувајќи

[9] Peters, A., Roess, D.: *The Role of Governments in Promoting Corporate Responsibility and Private Sector Engagement in Development,* Bertelsmann Stiftung, Berlin, 2010, p. 17

[10] Lazarevski, G: *Mainstreaming CSR in national policies of Montenegro,* UNDP, Podgorica, 2012, p.42

[11] Ibid, p. 43-44

и спроведувајќи систем на мерки што како резултат ќе имаат: 1) еманципиран потрошувачки пазар, 2) добра куповна моќ, 3) развиени економски институции и принципи на работење, 4) правна сигурност, 5) заштита на принципите на конкуренција, 6) квалитетна образовна структура и 7) слобода на иновативност, мобилност и креативен развој.

За да ги оствари овие свои цели, државата треба во практика освен рестриктивната да спроведе и промотивна улога, која е од уште поголемо значење за успех на концептот.[12] Само на таков пазар деловните субјекти може да видат интерес за долгорочен одржлив развој и да донесат одлука таму да ги насочат својот слободен капитал и проектите, што значи дека овие исти принципи подеднакво важат кога зборуваме за домашни и за странски инвестиции.

Дискусиите во денешната научна и стручна јавност во врска со идната улога на државата се се пошироки и пожестоки заради различните сфаќања на улогата на државата воопшто[13]. Ставовите што се за поголема улога на државата во економските текови се во постојан конфликт со теориите за либерална економија што ќе го сведе влијанието на државата на неопходен минимум. Секако, тоа е често резултат и на спротивставените интереси на одредени влијателни групи, што уште повеќе ја отежнува задачата на државата да изнајде најсоодветен пристап што ќе ги почитува нејзините културолошки, социоекономски, природни и други околности, како и нејзиниот ангажман да биде доминантно во правец на стимулирање на добрите и позитивни практики.

Високата мобилност на инвестициите е специфика на денешниот свет и ги прави националните држави многу попретпазливи во процесот на донесување мерки бидејќи секоја грешка може да резултира со заминување на странските, но и на домашните претпријатија од државата, по што процесот на враќање е мошне долг и често неуспешен.Од една страна, постои притисок државата што помалку, а од друга страна, што повеќе да се инволвира во стопанските текови со регулација.Како и секогаш кога постојат две крајности, одговорот е во средината, меѓу недоволната и преголемата регулација.Затоа, на секоја држава одделноѝ останува обврската да најде вистински баланс, вистинска рамнотежа и да донесе урамнотежена регулатива, која ќе им биде од долгорочна полза на компаниите.

Владата е должна да изготви и спроведе серија на мерки со кои ќе ги поддржува деловните субјекти во процесот на имплементација на општествената одговорност како нивен деловен модел и начин на работење. Исто така, таа требада вложува во континуирано подобрување на знаењата на јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор, за да се оформи и одржува поволно опкружување за непрекинат развој на општествената одговорност, во насока на градење на социјална економија, која преку успешното работење, ќе создаде успешно општество. Притоа, не смее да се заборави суштината: во фокусот на оваа иницијатива по дефиниција се и секогаш мора да бидат претпријатијата, односно успешниот, профитабилен и одржлив бизнис. Сите останати учесници како државните институции, синдикатите, невладиниот сектор, академската заедница, медиумите и останатите сегменти на општеството се активни само и единствено со цел да се постигне крајната цел: поуспешни претпријатија со конкурентски предности базирани врз одржливи принципи на развојот, како рамноправен дел на глобалната економија.

## 2.1. Социјална инклузија

Почитувањето на човековите права и правото на работа, се есенцијални елементи на концептот на општествената одговорност и претставуваат дел од легислативата на сите земји-членки на ЕУ. Во тој контекст и Република Северна Македонија го препозна значењето на социјалната инклузија и потенцијалот кој институционализираниот пристап кон ова прашање го има, со дефинирани мерки на полето на вработувањето, градењето на капацитетите на

[12] Ibid, p. 28

[13] Von den Berg, S., *Ethik allgemein oder die Moral von der Geschicht',* Hannover: Forum FS, 2005, p. 17;

сите засегнати страни и градење на поволно опкружување за јакнење на степенот на социјална инклузија.

Прашањето на социјалната инклузија е мошне релевантно за Република Северна Македонија бидејќи бројот на лица кои припаѓаат на категории кои се социјално исклучени е голем а справувањето со овој проблем се одвива со незадоволителна брзина. Како резултат, групите на ранливи лица не можат да изградат чувство дека се дел од заедницата, со заеднички идентитет и споделени вредности. Притоа сиромаштијата е клучна причина за тоа што луѓето се чувствуваат искулучени, придружена со немањето пристап до здравство,социјални услуги или работни можности. Овој феномен е особено видлив кај младите, кои се најранливата категорија во општеството, особено за време на економските падови и растежи. Едно од пет деца (до 17 години) живее во домови кои се на ризик од сиромаштија и повеќе од една третина од возрасни младинци (од 18 до 24 години) во ЕУ се невработени, а не се во процесот на образование, вработување или обука. Луѓето од руралните средини се со повисок ризик од социјална исклученост од оние кои живеат во градови. Родовата еднаквост е исто така важно прашање, во контекстот на општествената одговорност, особено изразен преку ниската стапка на вклученост на жените на пазарот на трудот, споредено со земјите во ЕУ.

Во овој домен, Владата треба да се вклучи како мост помеѓу деловните субјекти и групите на граѓани кои се исклучени од општествените текови а притоа да делува во партнерство со граѓанскиот сектор. Таа треба да проектира пакети на мерки со кои ќе ги стимулира добрите практики и ќе влијае на политиките на претпријатијата со кои ќе се овозможи поголема социјална инклузија. Во тој контекст, Владата сепак треба да внимава, партнерството со деловниот сектор да не се базира исклучиво на финансиска поддршка од државата туку лицата кои ќе се вработат целосно да се интегрираат во колективот и во одреден момент да продолжат да функционираат и без финансиска поддршка од надвор. Само на тој начин ќе се обезбеди одржливо решение.

## 2.2. ДОНЕСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРОПИСИ

Квалитетот на регулативата, а во тој контекст и техничките прописи, се значаен дел од процесот на имплементација на концептот на општествената одговорност, бидејќи треба да обезбедат јасни и недвосмислени правила и стандарди со кои од една страна ќе се заштитат клиентите и потрошувачите, додека од друга страна, претпријатијата добиваат еднакви шанси за конкурентски натпревар, бидејќи истите услови важат подеднакво за сите учесници. На тој начин ќе може и да се издвојат активностите на полето на општествената одговорност од оние пропишани со важечката регулатива, за да имаме објективни и мерливи параметри во деловната сфера. Македонската регулатива пропишува воспоставување и примена на соодветни и сигурни постапки за барањата за општа безбедност на производите, начинот на пропишувањето, техничките прописи и принципите на меѓусебното признавање на документите и знаците за сообразност од странско потекло.

Основната легислатива ги вклучува Законот за безбедност на производите (Службен весник на Република Северна Македонија 33/06 и 63/07), Законот за метрологија (Службен весник на РМ 55/02; и 120/09), Законот за контрола на предметите од скапоцени метали (Службен весник на РМ 23/95; и 22/07), Законот за акредитација (Службен весник на РМ 120/09) итн. Регулативата пропишува некои барања за определени производи, кои може да се однесуваат на следното: минимални суштествени барања што треба да ги исполнуваат производите; постапката, начинот и условите под кои се врши оценка на сообразноста на производите според пропишаните барања; условите кои треба да ги исполнуваат телата што учествуваат во постапката за оцена на сообразноста; видот на документите кои го следат производот кога тој се пушта на пазар или се става во употреба; обврска и начин за обележување на производот; упатување на употреба на стандарди и други технички спецификации; форма и

содржина на техничка документација, како и начинот и времетраењето на нејзиното чување и заштитна клаузула и постапка за известување.

За да обезбеди целосна имплементација и придржување до прописите, Владата е должна да обезбеди вклучување на деловната заедница и граѓанскиот сектор во рана фаза на нивното изготвување и усвојување. Низ процес на конструктивен дијалог, секоја засегната страна ќе може навремено да реагира за потенцијалните недоразбирања или потешкотии кои може да бидат предизвикани од пропусти при дефинирање на техничките прописи.

### 2.3. Вработување, третман на вработените и индустриски односи

Имплементацијата на концептот на општествената одговорност има силно влијание врз менувањето на амбиентот во доменот на работните односи. Владата во минатото покажа значителен ангажман на полето на вработувањето, третманот на вработените и индустриски односи, низ партнерски однос со деловните субјекти за постигнување на подобри резултати. Во дефинирањето на својата поддршка, државата е должна да ги препознае и признае активностите во овој домен кои претпријатијата ги спроведуваат и со кои играат клучна улога во обезбедување на севкупниот општествен стандард и благосостојба. Кога се говори за општествената одговорност, Владата може да работи на подобрување на регулативата, системите за надзор и санкционирање, но и утврдување на стимулативни мерки за субвенционирање на новите вработувања, отварање на нови работни места. Повеќе детали за мерките за јакнење на примената на општествената одговорност се содржани во овој документ, во одделот за мерки и активности, но треба да се потенцира, дека засега нашите прописи не се доволно поволни ниту поттикнувачки на ова поле. Високиот степен на регулатива во доменот на вработувањето и третманот на вработените сеуште не се применуваат на задоволително ниво, додека конфликтите помеѓу поврзаните закони станаа чести и водат до забуни за правата и обврските на сите нивоа на вработени. Од друга страна, даночниот третман на наградувањето и ниската флексибилност не се од помош.

Претпријатијата, заедно со Владата, веќе реализираат бројни активности за обезбедување квалитетен кадар, со нивно присуство за време на студирањето и идентификација на потенцијално квалитетни студенти за ангажман. Постојат бројни иницијативи кои на младите им ги доближуваат претпријатијата, како стручната обука, практикантството и други форма на образовна и стипендиска поддршка, но постои широко поле за натамошно надградување на палетата на мерки.

### 2.4. Заштита на животната средина

Приоритетите на државата во доменот на заштита на животната средина во случајот на Република Северна Македонија целосно се преклопуваат со приоритетите на општествената одговорност, што се отсликува во Стратегијата за животна средина и климатски промени 2014-2020, донесена во мај 2015 година. Така, една од целите на стратегијата за климатски промени е и „остварување на климатски флексибилно општество и економија, преку постигнување на оптимален однос меѓу трошоците и добивките". Со современите глобални трендови, сосем е јасно дека темата на животната средина и климатските промени ќе остане приоритет и само ќе го засилува своето значење, заради што државата треба да продолжи да гради нови механизми за соработка со претпријатијата и деловните здруженија.

Состојбата со загадувањето на воздухот, водните ресурси, справувањето со отпадот и ефектите кои тие ги имаат врз земјоделството, биолошката разновидност, здравството, културното наследство, туризмот и бизнисот во целина, претставуваат силна основа за активно вклучување на државата во партнерство со деловниот сектор. Државата е должна да ја преземе улогата на координатор за спроведување стратегијата за животна средина и климатски промени и вклучување на сите сегменти на општеството во процесите на заштита на природните ресурси. Програмите на поддршка на општествената одговорност во доменот

на животната средина кои веќе се спроведуваат имаат потреба од натамошно проширување за да доведат до интензивирање на добри практики кои ја заштитуваат животната средина и ги намалуваат негативните ефекти од климатските промени, преку иновации и модернизација на процесите и производите, кои освен со заштита на животната средина, резултираат и со поголема ефикасност и заштеда за самите претпријатија и јакнење на нивната конкурентност.

Капацитетот на деловниот сектор за поддршка на државата на ова поле досега не беше целосно искористен и јавниот сектор мора да обезбеди поголем простор за претпријатијата во процесите на планирањето на регулативата и подзаконските акти поврзани со животната средина и климатските промени и да ја напушти досегашната практика, во регулативата да се фокусира само на јавните претпријатија како чинители во државата одговорни за областа. Деловните здруженија како застапници на деловните субјекти мораат да го добијат своето место во сите нивоа на одлучување, со што државата ќе даде и придонес во градењето на експертизата во рамки на деловниот сектор, како сериозен долгорочен партнер. Во тој процес, државата секако силна поддршка има во добрите практики и регулаторниот пристап па постојан јавно-приватен дијалог на ЕУ, која го промовира концептот на „зелен раст и циркуларна економија" како модел на заштита на животната средина со фокус на економијата. Користејќи го овој пристап, државата ќе може да мотивира значителен дел од претпријатијата, доброволно да се вклучат во заштита и обновување на животната средина.

## 2.5. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ - УСОГЛАСУВАЊЕ СО ACQUIS COMMUNAUTAIRE

Република Северна Македонија веќе подолг низ години, во сите сфери од делувањето, го води процесот на усогласување со регулативата на ЕУ со цел да се подготви за целосна хармонизација пред зачленувањето како полноправна членка. Во тој процес, како резултат на политичките трендови и менување на околностите, но и капацитетот на поединечните министерства, во некои сегменти се јавуваа осцилации во динамиката и обемот на преземање на легислативата на ЕУ. На полето на општествената одговорност, Република Северна Македонија покажува добри резултати и континуирана посветеност низ годините а во некои категории уште пред десетина години се најде пред голем број земји-членки и кандидати за членство во ЕУ. Националната агенда 2008-2012 ги инкорпорираше европските трендови кои се однесуваат на општествената одговорност и ги користеше како водилка за активностите дефинирани како приоритети за земјата. Но од друга страна, Националната агенда не ја транспонираше целосно стратегијата за општествената одговорност на ЕУ што останува задача на последователните стратешки документи. Притоа, мора да се напомене дека останува значителен простор за работа во делот на имплементацијата, односно спроведувањето на заложбите во пракса, на што ќе треба да се фокусира и поддршката на државата во иднина.

Приклучувањето кон ЕУ, секако претставува основа за интензивен ангажман на Владата во координирање на превземањето на законодавството, во контекст на избегнување на потенцијални конфликтни регулативи и прописи, до кои објективно може да дојде доколку процесот се одвива забрзано и без соодветни стручни капацитети. Стратегијата за општествената одговорност на ЕУ нагласува дека меѓународно признаените насоки и принципи за општествената одговорност треба да бидат прифатени и од државите коишто претендираат на ЕУ членство и дека ова прашање ќе биде опфатено и во процесот на пристапување кон ЕУ. Тоа дава дополнителна релевантност во напорите на Владата за донесување на политика за развој на општествената одговорност во Македонија.

Владата треба да биде носител на процесот на целосно имплементирање на политиките на Европската комисија дефинирани во 2011 година, кои се фокусираат на мерки за подобрување и следење на нивото на доверба во бизнисот, подобрување на процесот на саморегулирање и корегулација, зголемување на пазарната додадена вредност која со себе

ја носи примената на општествена одговорност на претпријатија, подобрување на објавување за компаниите на социјални и информации за животната средина и усогласување на европските и глобалните пристапи кон општествена одговорност на претпријатија.

### 2.6. Привлекување странски инвестиции

Странските директни и индиректни инвестиции кои беа реализирани во текот на изминатите десетина години како резултат на засилениот фокус на Владата, иако влијаеја врз динамизацијата на пазарот на работна сила, во најголема мерка не ги оствари‌ја очекувањата на јавноста дека со нивното доаѓање, веднаш и во целост ќе почнат да се применуваат принципите на општествената одговорност и доброто управување, како и дека овие претпријатија ќе бидат расадник на квалитетни и обучени кадри кои понатаму ќе ги шират добрите практики низ општеството.

Со ангажманот за привлекување нови странски инвестиции, Владата може да даде значителна поддршка, така што ќе донесе компании кои со себе ќе донесат и принципи на корпоративно управување, деловна етика, почитување на регулативата, но и експертиза со којашто ќе им помогне на јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор, засилено да ја развиваат домашната насока во согласност со принципите на општествената одговорност. Во тој контекст, Владата треба да развие пристап кон странските инвеститори со кој ќе обезбеди и трансфер на знаења и добри практики, што може да биде и дел од процесот на преговарање за условите на влегувањето на нашиот пазар. За успешно остварување на таа улога, на јавниот сектор му се потребни изградени стручни кадри кои ќе можат да ги артикулираат барањата на начин кој нема да ги одврати инвеститорите. Улогата на мултинационалните корпорации во воведување добри практики на општествена одговорност е незаменлива и може значително да го забрза процесот.

Од друга страна, постоењето на национална економија во која доминира деловната етика, правната држава, човековите права, животниот стандард и квалитетното образование, се знак за сигурност, предвидливост и стабилност, што го сочинува пакетот на предуслови за влегување на пазарот, кога се носи одлуката. Се разбира, овие услови се релевантни за квалитетните инвеститори кои имаат долгорочни планови за раст, наспроти шпекулантските краткорочни инвестиции кои не водат сметка за принципите. Од таа причина, Владата е должна имплементацијата на општествената одговорност да не ја смета за должност на деловниот сектор кој таа треба повремено да го поддржува, туку треба активно да се вклучи, за да изгради поволен амбиент за влегување на силни и сериозни инвеститори. Обемот на активности кои Владата треба да ги спроведе во таа насока е можне широк и е попрецизно дефиниран во делот на овој документ кој се фокусира на приоритетите и мерките за претстојниот период. Дополнително, Владата треба да се фокусира на привлекување на алтернативните извори на финансирање како социјалните инвестициски фондови, бизнис- ангелите и другите вложувачи кои при донесувањето на одлуките за финансирање ги земаат в предвид и аспектите на општествената одговорност и етичкото управување. Во 2016 година, износот на инвестиции кои ги земаа во предвид и општествено одговорните принципи ја надмина сумата од 8 трилиони американски долари, што јасно го потенцира потенцијалот и значењето на овој извор на финансирање.

Во тој процес, значителна улога со сигурност ќе игра брзата и неопходна реформа на финансискиот систем, со акцент на платниот систем и системот на девизно работење, бидејќи Македонија на ова поле сеуште заостанува и не го обезбедува потребното ниво на либерализација на платежните услуги и девизните трансфери, додека цените на провизиите и трошоците сеуште се меѓу највисоките во регионот, што има негативно влијание врз привлекувањето на странските инвеститори.

Визијата на стратегијата за општествена одговорност на Република Северна Македонија е општество во коешто претпријатијата во партнерство со другите чинители се двигатели на рамномерен, одржлив развој, социјална кохезија и владеење на правото. Во остварување на оваа визија клучната улога на Владата е да креира поволна средина и институционална поддршка којашто ќе им овозможи на претпријатијата, но и на останатите чинители суштински да ја интегрираат и практикуваат општествената одговорност. Рамномерниот и одржлив развој во овој контекст се сфаќа во своето холистичко значење којшто го вклучува економскиот развој, општествениот развој и заштитата на животната средина за идните генерации. Во оваа насока глобалната Агенда за одржлив развој 2030 и Целите за одржлив развој поставуваат амбициозна визија и цели, во сиот спектар на општествени прашања релевантни и за земјата: искоренување на сиромаштијата, нееднаквоста, уништувањето на природните ресурси и справување со климатските промени, мир и правда, одржливо производство и потрошувачка, квалитетно образование и слично. Економскиот и општествениот развој мора да ги вклучат и да донесат корист за сите слоеви и граѓани во општеството без притоа да предизвикаат осиромашување на природните ресурси и екосистем. Во оваа насока, целта на одржливиот развој и социјалната кохезија е да овозможат подобрување на квалитетот на живот и благосостојбата за сите граѓани, а почитувањето на човековите права е основен принцип којшто води кон социјална кохезија.

Создавање на општество со високо ниво на владеење на правото е клучна задача за институциите во креирањето на ваква визија за општествената одговорност. Доследното применување на законите и меѓународните стандарди и конвенции се основа врз којашто претпријатијата ќе ја надградат својата општествена одговорност. Ова го вклучува и транспарентното и етичкото однесување, а во таа насока превенцијата и спречувањето на корупцијата. Притоа, концептот на општествена одговорност е подеднаков важен и за јавните институции. Тие треба да се предводници во интегрирањето и примената на општествено одговорно работење и на тој начин да поставaт пример за претпријатијата и останатите општествени чинители. Преку јавните набавки тие исто така можат да пратат силна порака за општество водено од принципите на општествена одговорност. Реализирањето на ваква амбициозна визија е можна само преку партнерства на бизнис заедницата со јавниот и граѓанскиот сектор. Улогата на претпријатијата во постигнување одржлив развој низ призмата на општествената одговорност подразбира: 1) одговорно водење бизнис преку намалување на ризиците и штетите врз животната средина и заедниците и 2) ползување на можностите за решавање на општествените проблеми преку бизнис иновирање и соработка. Насочувањето на политиките на Република Северна Македонија кон остварување на оваа визија за општествената одговорност, може значително да придонесе кон зголемување на конкурентската предност на македонската економија. Глобалните трендови за одговорни вредносни ланци ги зголемуваат барањата на големите, мултинационални компании за деловни партнери и снабдувачи коишто ги применуваат меѓународните норми за општествена одговорност. Унапредувањето на владеењето на правото и справувањето со корупцијата како во јавниот така и во деловниот сектор ќе отворат нова перспектива и можности за зголемени инвестиции.

## B. SWOT - АНАЛИЗА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА (ИЛИ СРОДНА АНАЛИЗА)

За поставување на целите и мерките на среднорочната стратегија за општествената одговорност на Р. Македонија применет е пристапот на SWOT анализа каде што се анализираат сегашните јаки и слаби страни на македонските чинители како и идните можности и закани што произлегуваат од контекстот. Анализата има за цел да овозможи релевантни стратегиски насоки, да ги истакне главните и одлучувачки фактори кои можат да влијаат врз успехот на стратегијата како и да ја намали неизвесноста во спроведувањето на дадените мерки во стратегијата

| **Силни страни** | **Недостатоци** |
|---|---|
| • Постоење на меѓу-секторско тело (НКТ-ООП) за координација и дијалог кое што вклучува различни чинители од јавниот, приватниот, образовниот и граѓанскиот сектор<br>• Заинтересираност и посветеност на сите клучни чинители вклучително и социјалните партнери за промовирање на општествената одговорност, со активна улога на НКТ-ООП<br>• Постои претходно усвоена политика – Национална агенда за општествената одговорностна претпријатијата 2008-2012 како основа за понатамошните страгеии<br>• Постои референтна точка во институциите преку Секторот за општествената одговорност во рамки на Министерство за економија<br>• Изградена локална експертиза за општествената одговорност<br>• Зголемен интерес во јавноста за општествената одговорност<br>• Постоење на претпријатија долгорочно посветени на општествената одговорност коишто можат да послужат како пример и лидери за останатите<br>• Мнозинството компании ја разбираат корисота од општествената одговорност по репутацијата на нивниот бренд<br>• Постојат даночни бенефиции на донациите и спонзорствата во јавните дејности од страна на претпријатијата<br>• Воспоставени неколку механизми на наградување на општествено одговорни практики<br>• Општествената одговорност како тема е позастапена во истражувањата и академските тези на универзитетите<br>• Владата ја зајакнува посветеноста кон имплементација на Целите за одржлив развој и во заклучоците се осврнува на улогата на бизнис секторот<br>• Постојат компании коишто се вклучуваат за решавање на социјалните и еколошките проблеми | • Низок степен на владеење на правото и почитување на човековите и работничките права<br>• Високо ниво на корупција и толеранција кон корупција<br>• Недоволен притисок врз компаниите од страна на потрошувачите<br>• Фирмите не ги исполнуваат барањата на потрошувачите за развивање систем за спогодбенорешавањена проблеми<br>• Недостаток на механизми коишто ќе ги зајакнат деловните придобивки од општествената одговорност особено во јавните набавки<br>• Недостаток на финансиски стимулации за општествено одговорно однесување<br>• Принципите и темата за општествената одговорност не е висок приоритет во јавните политики и институциите<br>• Слабо познавање на глобалните трендови и стандарди (Водечките принципи на бизнисот и човековите права, Целите за одржлив развој, итн.) кај институциите, компаниите и другите чинители<br>• Голем дел од компаниите и останатите чинители сеуште предоминантно ја подразбираат општествената одговорност преку донирањето<br>• Заедничките акции и партнерства за постигнување на одржлив развој се на почетно ниво<br>• Слабо ниво на корпоративно управување кај македонските компании |

| Можности | Закани |
|---|---|
| • Општествената одговорност е во фокусот на политиките на Европската Унија<br>• Улогата на бизнисот во остварување на Целите за одржлив развој е јасно препознаена и дава инспирација и можност за компаниите да се вклучат во глобалната и локалната агенда за општествената одговорност<br>• Финансиските институции и инвеститори сè повеќе ги вклучуваат еколошките и општествените влијанија на компаниите во своите политики и процедури за финансирање<br>• На финансиските пазари се зголемуваат можностите за финансирање на бизнис иновации што ги решаваат социјалните и еколошките проблеми<br>• Дигиталните технологии овозможуваат зголемена транспарентност што го зголемува притисокот врз компаниите за поголема транспарентност и отчетност<br>• Зголемените законски барања во ЕУ за општествена одговорност известување и одговорност низ целиот синџир на снабдување нудат можности за преференцијален третман на македонските компании коишто ги применуваат меѓународните норми на општествената одговорност<br>• Трендовите на пазарот на трудот и одливот на квалификуван кадар прави притисок врз компаниите а воедно отвора можности за компаниите коишто имаат високо ниво на општествена одговорност | • Нестабилната политичка и непредвидливата деловна клима ги обесхрабрува компаниите да размислуваат и инвестираат во долгорочна одржливост<br>• Ризик од недоволна поддршка од лидерството во институциите<br>• Недостаток на финансиски средства за работа на поттикнување на општествената одговорност<br>• Конкурентската предност на државата претежно фокусирана на ниските плати и значителните финансиски субвенции за инвеститорите<br>• Очекување и притисок врз претпријатијата да бидат замена за јавните институции во обезбедување на основните јавни услуги<br>• Растечка маргинализација и сиромаштија во градовите и руралните средини<br>• Помал број на квалификувано население<br>• Недоволен фокус на општествена одговорност преку укинување на Сектор за оптествена одговорност во рамките на Министерството за економија |

# Г. АНАЛИЗА НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

## 1. ДЕЛОВНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗДРУЖЕНИЈА

Деловните и професионалните здруженија во Република Северна Македонија сочинуваат релативно широк спектар на организации, во сразмер со големината на националната економија и играат клучна улога во промоција и имплементација на принципите на општествената одговорност. По својата природа, деловните и професионалните здруженија се најповикани засегнати страни во овој процес, бидејќи ги застапуваат претпријатијата, кои пак се носители на концептот на општествената одговорност.

Во изминатиот период, доминантен дел од активностите во доменот на општествената одговорност во име на деловниот сектор беа реализирани во рамки на стопанските комори и асоцијации во соработка со невладините организации. Позитивен ефект на креативноста и иницијативноста имаше Законот за либерализацијата на коморското работење, што резултираше со формирање на нови комори во рамноправна позиција со веќе постојната комора. Новите комори, во трката по членство, особено меѓу малите и средните компании, беа заинтересирани за новите трендови и во тој контекст и за општествената одговорност. Сепак, овој процес имаше и свое негативно влијание, изразено со намалувањето на капацитетите на постојната стопанска комора и мошне спориот процес на развивање на капацитетите на новоформираните комори. Овие околности во значителна мера го успорија напредокот и можностите за забрзана примена на општествената одговорност во практика.

Со спроведените коморски реформи, Република Северна Македонија стана една од земјите со најголем број комори и асоцијации во регионот, пришто покрај стопанските комори кои имаат водечка улога во застапувањето на деловниот сектор: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на северозападна Македонија и Македонската асоцијација за информатички технологии МАСИТ. Во системот функционираат и поголем број организации со релевантен капацитет, меѓу кои: Организацијата на работодавачи на Македонија, Бизнис конфедерацијата на Македонија, Стопанската комора за туризам на Македонија, Стопанската комора на мал бизнис, Здружението на занаетчии, Сојузот на микрофинансиски организации, додека своја улога во системот остваруваат и коморите кои ги застапуваат интересите на странскиот капитал, меѓу кои и: Германско-Македонското стопанско здружение DMWV, Американската стопанска комора AmCham, Турско-Македонската стопанска комора МАТТО, Руската стопанска комора и други организации. Притоа, во доменот на општествената одговорност треба да се истакне значењето на неформалните деловни здруженија како Националната мрежа на Глобалниот договор на Обединетите нации и Клубот на одговорни бизниси, како платформи кои обезбедуваат експертиза и размена на искуства но и менторска поддршка помеѓу членките, со што се овозможува прелевање на корисните знаења од големите кај малите и микро- субјектите, со што се скратува периодот потребен за учење, и се заштедуваат значителни финансиски средства бидејќи се применуваат проверени механизми и методи за имплементација на општествената одговорност.

Во текот на изминатите петнаесет години од почетокот на процесот на либерализацијата на коморското делување, безмалку сите деловни и професионални здруженија успеаа да изградат сериозни интерни и екстерни капацитети на полето на општествената одговорност и одржливиот развој како и да реализираат истражувања, студии и анализи со кои состојбите во овој домен во земјата значително се подобрија и ја претворија Република Северна Македонија во регионален предводник на овие иницијативи. Тие со своите активности покажаа капацитет и да делуваат како стабилни партнери на меѓународните, билатерални и мултилатерални донаторски организации. Со нивна поддршка, се заслужни за значаен дел од изградената

документарна база на сознанија, статистики и препораки во земјата, која денес ја користат и засегнатите страни од јавниот и граѓанскиот сектор. Во изминатиот период, деловните и професионалните здруженија, секој на свој начин и во рамки на сопствените можности и приоритети, одиграа клучна улога во пренесувањето на најновите трендови и сознанија на полето на општествената одговорност, запознавањето на деловните субјекти со нивното значење и обучувајќи ги за можностите кои тие ги нудат, но истовремено остварија и незаменливо влијание во процесите на донесување на национални политики и мерки на јавниот сектор за промоција и поддршка на имплементацијата на општествената одговорност и унапредување на деловните практики на македонските претпријатија. И покрај сите овие достигнувања, пред нив стои голем простор за понатамошно развивање и усовршување, кој бара дополнителни вложувања и меѓународна соработка.

Како заклучок, деловните и професионалните здруженија како заедница располагаат со потребната експертиза и капацитет да продолжат да играат клучна улога во воведувањето и промовирањето на општествената одговорност во Република Северна Македонија, во партнерство со експертската заедница и институциите од јавниот и граѓанскиот сектор. Притоа треба да се истакне и потребата од континуирано вложување во развој на постојните и градење нови кадри и материјални ресурси, за да се обезбеди навремено и тековно следење на најсовремените трендови на полето на општествената одговорност, особено во процесот на придвижување на фокусот на претпријатијата од филантропија кон менување на деловниот модел според принципите на општествената одговорност.

Сепак, кога се разгледува улогата на деловните и професионалните здруженија во процесот на имплементација на општествената одговорност во земјата, не смее да се игнорира фактот, дека тие мораат да ги следат првенствено потребите и приоритетите на деловните субјекти, што значи дека тие не можат да го развиваат и спроведуваат концептот побрзо отколк што нивните членки имаат капацитет да го апсорбираат, без притоа да го нарушат деловниот процес. Од таа причина, очекувањата од деловните и професионалните здруженија во Република Северна Македонија треба да ги земат предвиди влијанијата од севкупниот амбиент во кој тие делуваат, вклучувајќи ги јавниот и граѓанскиот сектор.

## 2. СИНДИКАТИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ

Вработените и синдикатите во принцип се заинтересирани за општествената одговорност, со оглед на тоа што препознаваат дека може да биде корисна за нив. Во развивањето на нивните иницијативи за општествената одговорност, синдикатите треба да ги поврзат тесно со принципите и практиката на колективно договарање и учество на работниците. Важно е за синдикатите да обезбедат дека општествената одговорност се однесува на воспоставените легитимни очекувања на општеството и стандардите во однос на деловното однесување, како што се меѓународните стандарди за труд зацртани во конвенциите на МОТ и не му дозволат на бизнисот да ја редефинира веќе признатата одговорност.

Во однос на вработувањето и работните односи, општествената одговорност ги повикува компаниите да се справат со одговорноста да ја признаат и заштитат социјалната и економската благосостојба и правата на своите вработени. Широкиот консензус во дебатата за општествената одговорност повикува на корпоративна определба за почитување на слободата на здружување (поточно, правото на организирање и ефективно признавање на правото на колективно договарање), да се обезбедат информации за претставниците на вработените за преговори за условите за вработување, да се елиминира принудна или задолжителна работа, да се укине детскиот труд и да се елиминира дискриминацијата во поглед на вработувањето или работењето.

Зголемениот интерес за општествената одговорност го фокусираше вниманието на односот помеѓу бизнисите и клучните засегнати страни, како што се граѓанските организации

и локалните заедници. Интересно, сепак, експертите за општествената одговорност ретко дискутираат за улогата на синдикатите, додека експертите за работните односи ретко се ангажираат во полето на општествената одговорност. Оваа ситуација е уште поизразена поради тоа што синдикатите се критички значаен општествен актер и традиционално ја играат истакнатата улога во одбраната на интересите на еден клучен учесник во компанијата, вработениот. Прашањето за тоа како синдикатите се ангажираат со порастот на општествената одговорност е јасно важно, но останува недоволно истражено. Тоа е важно за општеството, бидејќи се занимава со клучно влијание на бизнисот врз општеството. Бидејќи се чини дека општествената одговорност стана меѓународно доминантен пристап (сеопфатен) за организирање на односите помеѓу бизнисот и општеството, релевантно е да се земе во предвид степенот до кој регулирањето на социјалните и еколошките екстернати на економската активност - традиционално надлежноста на владата - треба и може да биде од различни засегнати страни, наместо да бидат оставени само на корпоративна иницијатива.

Прашањето за синдикално ангажирање со општествената одговорност е исто така важно и за вработените, бидејќи се однесува на колективните избори во однос на "најдобриот" начин за заштита на интересите на овој клучен учесник. Како и да е, важно е и за самите синдикати. Тука е идентификуван "одреден парадокс во ставови за општествената одговорност": иако општествената одговорност се однесува на иницијативите кои традиционално припаѓаа, барем делумно, во надлежност на синдикатите, иницијативата за развој на општествената одговорност дојде повеќе или помалку целосно од менаџментот, и затоа постои опасност синдикатите да бидат изоставени од дебатата за иднината на општествената одговорност.

Организациите на работодавачи во земјата ја имаат идентификувано општествената одговорност како една од областите на делување и се вклучуваат во дијалогот на таа тема. Од друга страна, потребно е јакнење на разбирањето и ангажманите на синдикатите во земјата за општествената одговорност како доброволен концепт, покрај задолжителните формални договори (колективни договори) со работодавачите. општествената одговорност треба да биде интегрирана во развојната политика на синдикатите и организациите на работодавачи, за унапредување на правата на своите целни групи, заштита при работа, квалитет на работа итн.

## 3. ВЛАДА

Владата на Република Северна Македонија во име на јавниот сектор го предводи процесот на имплементација на општествената одговорност од 2007 година, кога во комуникација со партнерите од Европската унија и САД по претходна серија активности на движењето на Глобалниот договор на ОН формирано 2004 година беше препознаено значењето на оваа иницијатива. Во тој период беше изграден консензус помеѓу јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор, дека е неопходен институционализиран пристап за интензивирање на активностите и достигнување на резултати со поширок опфат.

По реализираната серија на консултации со засегнатите страни, а со поддршка на меѓународни донаторски организации, во 2007 година беше донесена Програма на Владата за поттикнување на странски инвестиции која предвиде конкретни мерки насочени во правец на општествено-одговорно работење, меѓу кои и формирање на национално Координативно тело за општествената одговорност на претпријатијата. Имено, стана јасно дека развојот на општествената одговорност надвор од државниот систем на поддршка ја достигна фазата во која деловниот сектор не може да се справи сам со сите предизвици и се дојде до заклучок дека е неопходна координација на различните државни институции и останатите учесници имајќи ја предвид ширината на опфатот со кој се занимава општествената одговорност. Координативното тело е формирано во рамки на Економско-социјалниот совет, а Министерството за економија е задолжено за поддршка во форма на секретаријат на телото.

Треба да се напомене дека во текот на изминатите десет години не беше постигнато очекуваното ниво на политичка волја и меѓусебна координација во јавниот сектор за да се донесат политиките и стимулациите дефинирани во Националната агенда 2008-2012, додека општествената одговорност во значителна мерка се разбираше како активност со која деловните субјекти преку донации го помагаа остварувањето на улогата и задачите на јавниот сектор, како пакет на задачи кои во принцип треба да се финансираат од јавните приходи. Т аа практика завршува со донесувањето на оваа стратегија, односно со фокусираноста на Владата кон одржливиот развој во склад со зацртаните милениумски развојни цели на ОН и во комбинација со силната поддршка за јакнење на претприемништвото и иницијативите на деловниот сектор и странските инвестиции, ќе се одржува моментумот на постојан развој на концептот на општествената одговорност во општеството. Преку кабинетот на вице- премиерот за економски прашања, кој ги координира активностите од економскиот сектор во контекст на одржливиот развој, се обезбедува соработка со граѓанските и деловните организации за јакнење на имплементацијата на општествената одговорност, градење на ресурсите преку едукација, подготовка на регулативата и поврзаните акти, но и координација на странската донаторска помош како значаен фактор на одржливоста во овој домен.

Владата на Република Северна Македонија има капацитет да продолжи да го поддржува процесот на имплементација на принципите на општествената одговорност, но и да го прошири обемот на активности, особено со нови мерки и решенија во доменот на општото и претприемачкото образование, дефинирање на разни мерки на финансиска и нефинансиска поддршка и субвенционирање за воведување на добри практики и стандардизирање на деловните процеси во контекст на општествената одговорност. Подобрувањето на постојната регулатива која директно или индиректно влијае врз концептот на општествената одговорност, како и нејзиното спроведување во пракса, исто така треба да биде приоритет, бидејќи регулативата може значително да влијае, во позитивна и негативна смисла. Во тој процес, неопходно е вклучување но и квалитетна координација на поединечните министерства, агенции и државни органи, но и економско-социјалниот совет, во партнерство со граѓанскиот и деловниот сектор, што во досегашниот период се покажа како единствен начин да се обезбеди одржливо решение.

Македонија со својот капацитет на Владата и јавниот сектор е подготвена да ги преземе најдобрите меѓународни практики и целосно и успешно да ги имплементира. Основен услов за остварување на таа цел е да се обезбеди прецизно дефинирање на задачи, рокови и индикатори за успешноста, но и да се воспостави систем на следење и евалуација на постигнатите резултати. Стратегијата дава препораки кои го опфаќаат овој домен, со систем за следење на резултатите.

## 4. НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Како клучни чинители во едно општество, деловниот и граѓанскиот сектор несомнено функционираат во одредена корелација и развиваат меѓусебни односи. Во контекстот на општествената одговорност, улогата на граѓанските организации (ГОи) е на неколку нивоа[14]:

а) да промовираат општествена одговорност преку сопствен пример и на тој начин да ги стимулираат останатите сектори кон повисок степен на транспрентност и одговорност;

б) граѓанските, а особено активистички базирани организации можат да вршат надзорна улога и јавен притисок врз претпријатијата за нивното влијание врз општеството и животната средина и да застапуваат построга регулатива во оваа насока;

[14] Односите меѓу деловниот сектор и граѓанското општество/општествената одговорност на претпријатијата: Дали стратегијата придонесе за подобрување на дијалогот меѓу владата и граѓанското општество?, Граѓански практики бр. 13, Македонски центар за меѓународна соработка, 2012

в) како корисници на донациите на претпријатијата во насока на постигнување одржлив развој;

г) како соработници и советници во доменот на општествената одговорност, било да се работи за интегрираните концепти на општествената одговорност или пак одделни негови сегменти (животна средина, човекови права, корупција итн).

Во последните години граѓанските организации ја интензивираа својата улога како поттикнувачи на општествената одговорност. Неколку организации за заштита на човековите права укажуваат на прекршувањата на основните социјални и економски права на работниците од страна на претпријатијата во Република Северна Македонија вклучително и кај странските инвестиции. Еколошките организации исто така ги насочуваат своите напори кон барање одговорност од претпријатијата за нивното влијание врз животната средина и природниот хабитат на заедниците. Организацијата на потрошувачи на Македонија врши следење на прекршувањата на Законот за заштита на потрошувачите од страна на претпријатијата (особено во доменот на јавните услуги) и информациите ги доставува до јавноста. Граѓанскте организации започнаа и иницијативи за поттикнување на принципите на интегритет и превенција од корупција во деловниот сектор.

Исто така, изминатите години се развија и специјализирани граѓански организации во доменот на општествената одговорност чиишто активности се насочени кон промовирање на општествената одговорност, обезбедување на специјализирани услуги за претпријатијата и вмрежување на компаниите во заеднички иницијативи за општествена одговорност.

Сепак, постоечките анализи укажуваат дека граѓанските организации не се доминантните двигатели на општествената одговорност кај претпријатијата иако нивната улога во информирање за општествената одговорност е препознаена. Недостасуваат организации коишто вршат континуирано и систематско следење коешто е достапно до јавноста и ќе изврши притисок врз претпријатијата и институциите. Еднонасочното донирање сеуште е доминантниот модел на интеракција на ГОи со претпријатијата. Дури и во тој сегмент, мал број на организации ја препознаваат потребата од градење партнерства со бизнис секторот. Речиси 2/3 од организациите не го гледаат деловниот сектор како извор на ресурси, а соработката помежу двата сектори е повеќе исклучок отколку правило[15]. Ова во голем степен се должи на фактот што граѓанските организации во земјата се мали субјекти со ограничени финансиски и човечки ресурси па иако честопати ја спознаваат својата улога како двигатели на општествената одговорност не се во можност тоа да го работат во континуитет и да извршат поголемо влијание. Во оваа насока, институциите треба да вложуваат во развојот на граѓанските организации. Од друга страна и претпријатијата како дел од својата општествена одговорност можат да ги стават на располагање своите ресурси, знаења и вештини за одржливоста на граѓанските организации и да развиваат долгорочен партнерски однос.

## 5. МЕДИУМИ

Медиумите имаат огромна улога во тоа како општествената одговорност се перципира во надворешниот свет. Не е доволно претпријатијата да ја изиграат својата улога во сферата на општествената одговорност без притоа да не поставаат пример за другите да го следат. Се разбира, тука не станува збор за "рекламирање" на општествената одговорност сама по себе, бидејќи тогаш ќе падне во категоријата на претпријатијата кои ги навредуваат своите достигнувања како што би направиле кога лансираат нови производи. Освен создавање привлечни и свесни реклами, претпријатијата мора да ја пријават соработката и поддршката на медиумите во ширењето на свеста за општествената одговорност на луѓето во целина. општествената одговорност служи за помагање на општеството да изгледа подалеку од

[15] Помеѓу желбите и реалноста: Корпоративната филантропија во Република Северна Македонија со посебен осврт на соработката помеѓу бизнис секторот и граѓанскиот сектор, Здружение Конект, 2014

профитот, и затоа медиумите (кои се чувари на јавното добро) имаат голема улога во овој напор. Медиумите можат да се користат за барање на волонтери од заедницата или одредени места каде што претпријатијата ги отвораат своите иницијативи за општествената одговорност. Понатаму, тие можат да се користат за објавување статии поврзани со вредностите и мисијата на претпријатието во промовирањето на општествената одговорност. Освен тоа, медиумите, исто така, може да дејствуваат како чувар на совеста со постојано потсетување на претпријатијата за потребата да вратат кон општеството и да се погледне подалеку од добивката. Конечно, медиумите, исто така, може да имаат критички поглед на програмите за општествената одговорност за кои претпријатието тврди дека ги применува и може да осигура дека претпријатието не ужива во "зеленото лицемерие", што е случај кога претпријатието се преправа дека ја применува општествената одговорност, но во реалноста не е така.

Организациите, користејќи ги стратешки социјалните медиуми, градат еден проактивен однос како кон купувачите/клиентите така и кон заедницата по различни линии. Присуството преку дигиталните мрежи им обезбедува поддржувачи на кои покрај понудата на продукти и услуги ќе можат да им ја раскажат и приказната за организацијата и најважно од се вредностите за кои се застапуваат како општествено одговорна организација. Социјалните медиуми денес играат главна улога во оформувањето на имиџот на општествено одговорни организации, промоцијата на нивните општествено одговорни програми и политики. Сето ова низ речникот на општествено одговорните организации и социјалните медиуми се нарекува “општествена дигитална медиумска одговорност" (corporate social media responsibility).

Развојот на технологијата го менува севкупниот начин на комуникација и пренесување на информациите глобално, и едни од најбрзите и најмоќни начини на пренесување на информацијата и двонасочна комуникација се социјалните медиуми. Денес организациите е потребно да развиваат стратегија и тимови за автентично и пристојно претставување на организациите во дигиталната комуникацијата и на социјалните медиуми, користејќи ја истата боја на глас како и организацијата застапувајќи ги и комуницирајќи ги нејзините основни вредности.

Денес социјалните медиуми отвораат нови можности за општествено одговорните организации. Никогаш не било полесно да се пренесат информација и вредности за кои вашата организација се залага на толку голема и таргетирана публика како што тоа го дозволуваат и овозможуваат социјалните медиуми. Со обединување на публиката на Фејсбук или Твитер околу општествено одговорна цел, претпријатијата имаат моќна и лојална мрежа на влијателни корисници на социјалните медиуми кои во исто време ќе бидат и медиуми сами по себе, кои вирално ќе ги пренесуваат и застапуваат ставовите на претпријатието. Внатрешниот ефект во организацијата е исто така силен, создавајќи морален капитал како во заедницата така и кај вработените, правејќи ги мотивирани и горди на својата организација.

## 6. ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Во текот на изминатиот период од донесувањето на Националната агенда за општествената одговорност на претпријатијата 2008-2012, најголем напредок во градењето на експертизата и научни сознанија за општествената одговорност и одржлив развој е остварен токму во доменот на високото образование, односно на додипломските и после дипломските студии. Имено, од целосно непознат поим кој периферно се спомнуваше како далечен модел, општествената одговорност, најчесто заедно со Деловна етика и Корпоративно управување, стана дел од речиси сите програми за економија, менаџмент и претприемништво, а голем е и бројот на дипломски и магистерски трудови на оваа тема.

Се поголем број студенти се одлучуваат за оваа тема и популаризацијата се одвива мошне успешно, од година в година. Како резултат на овие напори, Република Северна Македонија

денес располага со солидна база на академски експерти кои располагаат со теоретски знаења и го изучуваат концептот на општествената одговорност во своите научни истражувања. Бројни високошколски образовни институции го вкпучија концептот на општествената одговорност во своите програми, иако сеуште има многу простор за дополнително усовршување, особено кај факултетите кои сеуште не ја вклучуваат општествената одговорност во наставата. Голем предизвик во тој контекст е недостигот од практична работа во вистинска смисла на зборот како и бизнис лабораториите кои не постојат или се сведуваат на повремени активности. Постоењето на поголем број такви практики би им дало можност на студентите да го препознаат и прифатат концептот на општествената одговорност и да ги видат неговите ефекти врз деловната активност и растот.

Дел од факултетите во државниот сектор, во последно време, воведуваат и програми на гостување на практичари од деловниот сектор како предавачи, што претставува можност која треба да се искористи за промовирање на општествената одговорност. Во голем број факултети веќе постојат бизнис акцелератори и старт-ап центри, кои се вистинските места за јакнење на свесноста и знаењата за општествената одговорност кај идните претприемачи и креатори на национални политики. Преку својата научна работа, образовните институции треба да ја остваруваат својата улога на предлагач на решенија за потребите на јавниот и деловниот сектор, како и да бидат едни од предводниците на дијалогот помеѓу засегнатите страни.

Од друга страна, засилено јакне и мрежата на приватни компании понудувачи на образовни услуги на стручно образование за дополнителна квалификација, во главно во доменот на ИТ индустријата. Бројката од околу 250 студенти во генерација претставува значаен потенцијал кој Владата и деловниот сектор треба да го препознаат и поддржат.

Не смее да се заборави дека образовните институции, освен во наставните програми, се должни да ги имплементираат принципите на општествената одговорност и во својата деловна практика, како работодавачи, набавувачи и испорачатели на деловни услуги. Тие мораат да бидат пример за почитување на принципите на одговорно граѓанство.

Во услови кога менаџмент како насока или наставен предмет се изучува речиси на сите факултети, неопходно е сите идни претприемачи, но и идни јавни службеници или граѓански активисти да стекнат релевантни сознанија и од доменот на општествената одговорност. Но, поаѓајќи од тврдењето дека општествената одговорност е многу повеќе од менаџерска одлука или политика, треба да се констатира дека запознавањето со концептот на општествената одговорност треба да се случува порано, дури и во првите години од основното образование.

Во делот на основното и средното образование, состојбите се сосема поинакви од оние во високообразовните институции и концептот на општествената одговорност не го добива местото кое треба да го има. Исклучок од ова се дел од средните и основни училишта кои не се дел од државниот систем односно се приватни образовни институции и своите програми ги преземаат од странските курикулуми. Кај овие училишта програмата се надградува со теми од доменот на општествената одговорност, но се развиваат и ученички социјални претпријатија, задруги, се формираат клубови на актуелни и поранешни ученици во форма на алумни организации, се со цел да организираат активности од хуманитарен карактер или социјална мисија со што се гради граѓанство со развиен осет и разбирање за општествената одговорност. Сепак, опфатот на овие програми е ограничен и нема задоволителен ефект врз пошироката општествена заедница, заради што треба да се поддржува и промовира во јавните образовни институции како успешен модел.

Одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 2012 година, во задолжителното средно образование да се вклучи и предмет "Бизнис" во стручните училишта, односно "Бизнис и претприемништво" во гимназиите претставува позитивен исчекор, но недостигот од

наставен материјал и јасен концепт за одвивањето на наставата ги прави тие часови недоволно ефикасни и побудува помал интерес кај младите. Потребна е поадекватна подготовка на наставниот кадар кој е задолжен за предавање на овие курсеви, за елаборирање и дискусија на поврзани теми со општествено одговорно однесување. Наставната програма по својата содржина предвидува елементи на економска, правна и етичка одговорност на деловните субјекти, што помага да се развива позитивен однос на младите кон општествената одговорност. Сепак, овие часови отвораат можност, во наставата да се вклучат практичари и да ги пренесат сопствените практики, но и да му овозможат на наставникот, да се обучи и запознае со принципите на општествената одговорност, за да може да изврши позитивно влијание врз учениците.

За одбележување е и одлуката на Владата од 2014 година, ревидирана во 2015 година, во деветто одделение на основното образование да воведе наставна содржина "Иновации„ кои се фокусираат на деловни вештини, меѓу кои и иновативност, продажба, комуникациски и организациски вештини, а во соработка со Светска банка, се става фокус и на концептот на општествената одговорност, социјалното претприемништво и етичкото управување.

Образовните институции во сите развиени земји играат незаменлива улога во градење на поволно окружување за успешен и одржлив развој и примена на општествената одговорност, но таа нивна улога треба да биде поддржана од јавниот и деловниот сектор со конкретни мерки, активности и партнерства кои ќе им го олеснат пристапот до информации, финансиски средства за научни истражувања, изработување на наставни материјали, анализи и студии, но и доживотно учење за сите нивоа на менаџерскиот кадар преку директна размена со практичарите.

## 7. ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА

Развивањето на општествената одговорност на претпријатијата во секоја национална економија е процес во кој вклучувањето на регулаторите, образовните институции, граѓанскиот сектор и деловните и професионални здруженија е пожелно и потребно, но вклучувањето на деловниот сектор како главна целна група и носител на иницијативата е неизбежно. Самиот назив потенцира дека фокусот е на претпријатијата и се што се прави, во крајна линија завршува кај нив и за нивна корист, односно во корист на одржливиот раст и развој на претпријатијата, а со тоа и на целата економија. Тоапонатаму резултира со вработувања, јакнење на стандардот, подобрување на условите за сите граѓани, либерализација и демократизација на општеството и воведување највисоки стандарди на општествено живеење.

Поаѓајќи од претходната елаборација за квалитативната и квантитативната структура на нашата економија, во процесот на оценување на капацитетите на деловната заедница да се вклучи и даде придонес во процесот на имплементација на општествената одговорност, треба да се издвојат неколку факти кои имаат значително влијание. Имено, над 98% од македонските претпријатија се микро (нано) и мали претпријатија, што резултира со:

- хроничен недостиг на човечки ресурси и неможност да се определат лица кои ќе бидат задолжени да се посветат на прашањето на одржливиот развој и општествената одговорност;
- деловниот модел базиран на мала профитабилност и низок степен на автоматизација доведува до хронична финансиска нестабилност и силни осцилации на финансиските текови, односно хронична неизвесност;
- постојано одлагање на вложувањата во образование на кадрите и усовршување на раководниот кадар, тим-билдинг активности и градење на институционализиран пристап кон општествената одговорност на претпријатијата, заради недостиг на финансии, но и недостиг на расположливи кадри заради малиот број на вработени;

- корпоративното управување сеуште е повеќе исклучок отколку правило и за тоа постојат објективни и субјективни причини;
- нивото на знаења кај раководителите, како што потврдуваат бројни истражувања, не е задоволително, особено со обзир на фактот дека општествената одговорност сеуште доминантно се разбира низ призма на филантропија или „нужно зло" кое го бара купувачот;
- релативно мал број на претпријатија се извозни или се дел од меѓународни синџири на добавувачи, што го ограничува сегментот на превземање на добри практики по барање на деловниот партнер;
- мошне слаб пристап до финансии, изразени во заеми за развојни проекти, што долгорочно ги држи овие претпријатија на прагот на преживувањето заради што нема видлив и брз раст со кој би се надминале овие слабости;
- слаб пристап до дополнителен капитал, непостоење на инвестициски фондови, бизнис ангели и директни инвеститори преку берзите, меѓу другото и заради несоодветната регулатива чие носење се пролонгира, како и непостоењето на стимулативни мерки и директна поддршка;
- висока фокусираност кон мерки на државата со кои се одржуваат во живот голем број претпријатија, особено во внатрешноста (субвенции за вработувања, програми за поддршка на сертифицирање итн кои сами по себе се позитивни и корисни, но растот на поддржаните претпријатија не е сразмерен со очекувањата и не резултира со самоодржливост на деловните субјекти).

Овие наводи ги илустрираат потешкотиите со кои се соочуваат македонските претпријатија, но исто така го идентификуваат и просторот за интервенција во претстојниот период. Треба да се истакне дека активностите на деловните и професионалните здруженија во изминатите години, нивните членки, како и бројноста на локалната мрежа на Глобалниот договор на ОН и Клубот на одговорни бизниси, потврдуваат дека е оформена критична маса на сериозни компании кои покажуваат посветеност и подготвеност да останат доследни во спроведување на принципите на општествената одговорност и да им помагаат на другите во тој процес. Оваа констатација се потврдува и со бројот и видот на апликации за годишната национална награда за општествено одговорни практики, како единствена која на тоа ниво успешно се одржува веќе 11 години.

Капацитетите на деловната заедница на ова поле се ограничени, но постои широк простор за работа со претпријатијата за нивно јакнење и овозможување, да го унапредат своето работење без да вложуваат големи средства или да ангажираат свои вработени, преку модели кои веќе се докажани, меѓу кои се и: бесплатна експертска поддршка од државата (ваучерски систем); соработка со граѓански организации кои располагаат со експертизата или можат да обезбедат експерти со донаторска поддршка; зачленување во деловно здружение и учење од искуствата на другите; учество на средби за размена на ставови со други компании; користење на граѓанските организации како посредници во процесот на дефинирање и имплементација на проекти од полето на општествената одговорност, а кои се од интерес за претпријатието.

Како што покажуваат анализите, интересот кај претпријатијата да се вклучат во општествената одговорност, постои и расте, иако сеуште разбирањето на концептот не е целосно. Претпријатијата разбираат дека општествената одговорност нема да исчезне и дека обидите да се игнорира, само дополнително ќе ја отежнат положбата и ќе бараат поголеми жртви во иднина. Во тој контекст, треба да се издвои важноста на поголемите компании, кои имаат особена улога да ги поттикнуваат помалите преку своите канали на набавки и да инсистираат на исполнување на стандардите од секој добавувач, неретко давајќи стручна и

финансиска поддршка, како процес на вложување во одржлив синџир на добавувачи. Притоа, очекувањата кои пошироката заедница ги поставува пред деловните субјекти треба да се прилагодат на објективните околности во кои тие функционираат, бидејќи покрај ограничениот финансиски и кадровски капацитет на претпријатијата, голема улога во процесот игра и степенот на нивната извозна ориентираност. Улога играат и функционирањето на правната држава, степенот на корупција во општеството, регулаторната стабилност, политичката и безбедносната извесност итн. Целокупната динамика во процесот треба да се дефинира во консултација со деловните субјекти за да не се дефинираат нереални рокови и цели, кои само дополнително ќе го демотивираат деловниот сектор во неговите напори.

## Д. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Во однос на горната анализа на капацитетите за примена на општествена одговорност на претпријатијата, потребно е да се даде кратка анализа на овие засегнати страни, во однос на нивните гледишта и однесувања за општествената одговорност. На почеток, треба да се напомене дека во изминатиот период надвладеало гледиштето дека како доброволен концепт, единствено претпријатијата решаваат за степенот на општествена одговорност. Притоа, се игнорираше (во најголем број случаи) холистичкиот пристап кон општествената одговорност, односно правилното гледиште за вклучување на пристапот на општествено одговорно однесување во целокупната стратегија и менаџмент на претпријатието. Вообичаено, единствено големите (и посебно меѓународните) компании имаат целосен пристап кон општествената одговорност, почнувајќи од стратегија, планови но и извештаи за влијанието на претпријатието врз животната средина, општеството (социјалните групи) и останати податоци. Ист така, голем дел од претпријатијата имаат погрешно разбирање на концептот за општествена одговорност како дел од маркетинг и продажбата, и во многу наврати одговорните лица во компаниите се токму од овој сектор. Потребно е натамошно зајакнување на знаењата во претпријатијата во доменот на општествената одговорност, посебно кај управните и врвни менаџерски нивоа.

Исто така, потребно е јакнење на свесноста и разбирањето за значењето на вградувањето на општествената одговорност во рамки на стратегиите на институциите и организациите од јавниот и граѓанскиот сектор. Недостасуваат законски и подзаконски решенија за уредување на набавки водени од општествена одговорност, со цел Владата да може да го следи новиот пристап на ЕУ каде „претпријатијата мора да се грижат за своето влијание врз околината". Исто така, недоволно развиената законска рамка, во сферата на општествената одговорност влијае на работата на јавните претпријатија, кои и покрај тоа што се во сопственост на државата мора да покажат одговорност при своите деловни активности. Секако, оправдување за нивото на општествена одговорност во земјата е отсуството на поголем број извозни ориентирани компании со поголем број претпријатија во синџирот на добавување, со оглед на меѓународната практика овие претпријатија да воведуваат и применуваат општествено одговорно однесување (заради репутациски ризици). Со оглед на големиот број микро, мали и средни претпријатија во земјата, и нивната секторска фрагментираност, тешко е да се воведе еден континуиран систем на градење на општествената одговорност, посебно заради неговата необврзувачка природа. Тука е прашањето за свесноста на овие ММСП во однос на општествената одговорност поради недостаток на (човечки) ресурси. Впрочем, во минатато се покажа дека најмал интерес за општествената одговорност (ако може да се земе како индикатор интересот за Наградите за општествено одговорни практики) имаат ММСП. Но, од друга страна поради нивната тесна поврзаност со локалната средина, во која има се повеќе и повеќе млади и нови потрошувачи кои се свесни за одговорното однесување на претпријатијата, ММСП имаат голема потреба од поддршка во воведување на општествената одговорност. Реалност за нашите претпријатија (над 98% од вкупен број претпријатија се мали

и средни претпријатија) е дека голем дел од меѓународните регулативи и практики не се применливи за нив.

Организациите на работодавачи од една страна, како и синдикатите од друга страна, играа голема улога во промоција на концептот за општествена одговорност. Ова посебно е важно со оглед на улогата на социјалните права која ја игра во ЕУ и во нашиот регион. Општествената одговорност беше еден од концептите кои на иста маса ги ставаа претставниците од работодавците и работниците. Токму затоа, ова претставува голема можност за вклучување на социјалните и бизнис правата на агендата во националното законодавство, во согласност со принципите на Глобалниот договор на Обединетите нации како и Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права. Иако овие вмрежувачки организации бранат различни интереси, токму преку нивната ангажираност за општествена одговорност може да се иницира поголема заштита на работничките права од една страна, додека од друга страна да се застапува приоретизирање на општествено одговорните работодавци. На овој начин, социјалниот дијалог може да се унапреди, за сметка на среќни работници и успешни работодавци.

Образовните институции исто така се дел од еко-системот на општествена одговорност, посебно во делот на обука, едукација и истражување. Но, со ретки исклучоци кои немаат долг континуитет, во формалното и неформалното образование отсуствуваат концепти на општествената одговорност. Ова посебно се однесува за едукација на најмладата популација, која во иднина ќе ги води и ќе работи за претпријатијата во земјата. Отсуството на свеста за општествена одговорност не придонесува за позитивни ефекти врз населението и животната средина. Токму едукативниот сектор, во содејство со Владата која треба да обезбеди финансии и насоки, треба да биде фокална точка на промоција и едукација за концептот во иднина.

Граѓанските организации во земјата во главно беа едни од промотерите на општествената одговорност. Без нивниот ангажман воведувањето на општествената одговорност како концепт, но и како механизам на работа на претпријатијата, ќе беше отежнат. Граѓанските организации се препознати како водечки ентитети за промоција и заштита на ранливите групи во земјата, што во делот на повеќе елементи од општествената одговорност се користи за утврдување критериуми за препознавање на општествено одговорните претпријатија. Она што се утврдува како недостаток, но е и резултат на дефинирањето на улогата на граѓанските организации во општествената одговорност според ЕУ и земјата, е потребата од подобрување на сопствената општествена одговорност во делот на односи на пазарот и односи со вработени. Само како општествено одговорни ентитети, ќе можат граѓанските организации да ја реализираат својата мисија за заштита на целната група.

Со оглед на потребата од постојано промовирање на концептот, во мал дел од активностите за општествена одговорност беа вклучени и медиумите. Во главно, тие пренесуваа информации за општествената одговорност на другите претпријатија, и тоа во главно во делот на вложување во заедницата. Недостасува познавање на концептот кај овие чинители, посебно во делот на медиумските сопственици и новинари, што се потврдува и со теренската анализа.

Со цел да се дефинира и управува со еко-системот на општествена одговорност, во дел од земјите во ЕУ и светот постојат координативни тела, под различни институции. Во нашата земја, како што беше објаснето претходно, таа улога ја има Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата.Телото беше креирано по препорака на Министерството за економија согласно ваквата предвидена мерка во „Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Северна Македонија(2007-2010)“ изработена од Министерството за економија, а по неговото формирање продолжи да дава поддршка на неговите активности.

Во изминатиот период, отсуствуваше регионален пристап кон општествената одговорност, и локалните власти ретко се вклучуваа во поддршка на примена на концептот од страна на локалните претпријатија.

## Ѓ. АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМОТ ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА ПРИСТАПОТ НА ЛОГИЧКА РАМКА - ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ И ПОСЛЕДИЦИТЕ И ВРСКИТЕ ПОМЕЃУ НИВ

Согласно теренската анализа на чинителите, поголем број предизвици се идентификуваат за спроведувањето на концептот на општествена одговорност во земјата. Главниот предизвик е увидувањето на сопствениците/управителите на претпријатијата за улогата на претпријатието во општеството, фокусирајќи се единствено на законските обврски. Резултат е многу ниско ниво на свест за општествената одговорност и негативни/неутрални импликации врз животната средина, вработените, добавувачите или потрошувачите, како и ранливите групи категории или лицата кои живеат во средините каде претпријатието делува. Во главно, претпријатијата се жалат на перципирани високи трошоци за воведување општествена одговорност во поглед на административните решенија. Од друга страна, Владата мора да направи повеќе напор за разбирање на концептот за општествена одговорност, како преку донесување позитивни законски решенија кои ќе дадат предност на претпријатијата кои се примери за холистички пристап на општествената одговорност. Недостасуваат наставни програми за формално и неформално образование за општествена одговорност, како и средства со кои ќе се покријат трошоците.

## Е. УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Со оглед на доброволното разбирање на општествената одговорност, не постојат посебни законски одредби за примена на концептот. Но, елементите на општествена одговорност, и нејзино унапредување се наоѓаат во повеќе закони и директиви на ЕУ, дел од кои треба да бидат транспонирани и во законодавството во земјата. Согласно клучните чинители од сите сектори во земјата, главна приоритетна област е изнаоѓање начини за поттикнување на општествената одговорност во земјата, со фокус на претпријатијата. Од една страна, Владата мора да работи на поддршка на волонтерски пристап на претпријатијата, со фокус на ММСП, за вклучување на општествената одговорност во сите сегменти на деловниот модел на претпријатијата. Од друга страна, и во согласност со ЕУ директиви и добрите практики, но и законски решенија во однос на елементите на општествената одговорност, Владата мора да донесе или измени законски решенија кои имаат за цел поттикнување на пазарни и регулаторни механизми за општествената одговорност. Токму во овој дел е потребно да се забрза процесот на транспонирање на ЕУ законите и прифаќање на директивите кои обезбедуваат позитивна дискриминација за претпријатијата (вклучително и ММСП) кои демонстрираат одговорно работење: зелени набавки, одговорни инвестиции, итн.

Паралелно со овие процеси, мора и понатака, и поинтензивно да се работи на промоција на општествената одговорност и споделување на добрите практики. Испитаниците од анкетата во рамките на Среднорочната стратегија укажаа на препознатливост на активностите на органите на државната управа (Министерство за економија) кои имаат за цел да обезбедат зголемена видливост на општествената одговорност. Притоа, мора да се обезбеди систем за редовно а не ад-хок промоција на концептот, во рамките на клучните чинители, кои вклучуваат јавен сектор, деловен и граѓански сектор, образовен и експертски како и чинителите од медиумите, кои се клучни за споделување на концептот за општествената одговорност.

Токму едукативниот сектор за општествената одговорност е друг приоритет за кој многу малку било вложувано време во изминатите години, поради отсуство на фокус. Развој на

образованието за општествената одговорност, на сите едукативни нивоа, треба да биде започнато, на ниво на Министерство за образование и наука (Биро за развој на образованието), со цел да се дефинира пристап за изработка на наставни програми или измена на постојните, со вклучување на концептите на општествената одговорност но и одговорно деловно работење, анти-дискриминаторни мерки, почитување на различноста, социјалните иновации и посебно Одржливите развојни цели.

И покрај тоа што во минатато, Република Северна Македонија беше наведена како пример во регионот кој промовира меѓу-секторски пристап за дебата за општествената одговорност и промоција на концептот, координацијата и управувањето со политиките и практиките за општествена одговорност остануваат голем приоритет и за наредниот период. Постоењето на НКТ-ООП е добар пример за вклученост и информирање на сите чинители за активности на општествена одговорност. Владата, треба да продолжи да ја поддржува неговата работа.

## Ж. ПОСТОЈНИ ПРОГРАМИ И ПОЛИТИКИ КОИ ГО ПОДДРЖУВААТ РАЗВОЈОТ НА ПОВОЛЕН АМБИЕНТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Од почетокот на иницијативите на Владата за промовирање и поттикнување на општествената одговорност, основниот документ којшто служеше како рамка за креирање поволен амбиент е Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата 2008-2012 за којашто беше предвидено да се спроведува во соработка со останатите чинители релевантни за општествената одговорност. Третата стратешка цел на агендата се фокусираше на обезбедување поволен амбиент за општествената одговорност. За спроведување на Националната Агенда беше добиена и финансиска поддршка од Европската Унија преку Рамковната програма за конкурентност и иновации на ЕУ (ЦИП) како и од страна на други донатори во земјата (УСАИД и сл.). Ако се направи пресек со важечките политики на Европската Унија во доменот на општествената одговорност, Националната Агенда не ги рефлектираше во целост насоките и приоритетите на политиката на ЕУ за општествената одговорност што останува приоритетна задача за следниот стратешки документ. Ретроспективата на спроведувањето на стратегија посочува дека најмногу активности се спроведени во доменот на: а) промоција на општествената одговорност преку Националните награди, учество на настани, форуми, работилници, публикување на промотивни материјали, истражувања и анализи и сл. и б) градење на капацитетите на претпријатијата и другите засегнати страни преку програми за обука и публикување на прирачници и водичи за интегрирање на општествената одговорност во деловното работење. Овие активности се најчесто спроведувани од страна и во соработка со различни засегнати страни како здруженија, бизнис организации и комори и сл. Она каде што учинокот на Националната Агенда е послаб е во воспоставување на поволен амбиент за општествената одговорност преку создавање на поттикнувања (даночни, пазарни и сл.) и законски обврски за општествената одговорност.

На ниво на секторските политики, ресорните министерства и институции делумно имаат преземено мерки во насока на интегрирањето на општествената одговорност во секторските политики. Законот за јавни набавки им дава можност на договорните органи во критериумите за набавките да вклучат технички критериуми поврзани со животната средина. Директивата на ЕУ за воведување еколошки и социјални критериуми во јавните набавки сеуште не е транспонирана во нашето законодавство. Новиот закон за јавни набавки треба да ги вгради овие принципи во македонската регуралтива. Министерството за животна средина и просторно планирање има воведено финансиски бенефиции (преку намалување од 20% на годишниот трошок за интегрирана еколошка дозвола) на компаниите коишто го имаат воведено стандардот за управување со животната средина ISO 14001 или пак шемата за

управување со животната средина EMEC. Министерството исто така го има вградено концептот на циркуларна економија во Стратегијата за отпад 2008-2020 година. Министерството за труд и социјална политика преку оперативната програма за вработување им нуди субвенции на компаниите коишто ќе вработат лица од различни ранливи категории.

Во образовниот систем, во рамки на средното образование концептот на општествената одговорност е делумно вграден во наставните програми за бизнис и претприемништво, додека во високото образование се забележува зголемен интерес за темата преку нејзино интегрирање во наставните програми, поддршка на магистерски тези, истражувања и проекти во овој домен и слично. Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 20122017 во приоритетната цел „економски развој и социјална кохезија" вклучени се мерки за поврзување со Националната агенда за општествената одговорност на претпријатијата и преку ИПА фондовите се поддржани повеќе проекти на граѓански организации за развивање на општествената одговорност и соработка на граѓанските организации со бизнис секторот. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности овозможува даночни олеснувања на донациите во јавен интерес, но административните процедури за ползување на олеснувањата ги обременуваат давателите. Изминатите години се направи значителен исчекор во даночните олеснувања во спортот, но не и во иницијативи коишто придонесуваат за одржливиот развој.

Фондот за иновации и техонолошки развој отвори посебни линии за финансирање на проекти коишто имаат позитивен еколошки и социјален учинок како што се намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини „О2 предизвик" и иновативно решение за обезбедување #ОброкЗаСите. Директивата на ЕУ за транспарентност е транспонирана во Законот за хартии во вредност, а во тек е донесување на Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски на издавачите за транспарентност во којшто ќе се вгради новата Директива на Европската Унија за транспарентност[16]. Националната стратегија за одржлив развој на Република Северна Македонија 2009-2030 се фокусира на следните области: политика и правна рамка, животна средина, енергија, рурален развој, социјални прашања, мали и средни претпријатија, инфраструктура, и транспорт и индустрија. Оттаму, таа може да претставува силна основа за интегрирање на вредностите и принципите на општествената одговорност во повеќе политики и програми на национално како и на локално ниво. Во самата стратегија се насочува кон „обезбедување економски развој кој е социјално одговорен и праведен, прифатлив за животната средина и кој се потписа врз основните постулати на граѓанското општество". Во следниот период потребно е да се ревидира стратегијата во насока на интегрирање на Агендата 2030 и Целите на одржлив развој. Република Северна Македонија исто така има усвоено повеќе политики коишто третираат прашања директно поврзани со Целите на одржлив развој и општествената одговорност како што се: Стратегијата за родова еднаквост, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ, Стратегијата за животна средина и климатски промени 2014-2020, Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во РМ 2015-2020 и др.

Во однос на глобалните иницијативи во доменот на општествената одговорност клучен документ се Водечките принципи на Обединетите Нации за бизнисот и човековите права (ВПБЧП). Стратегијата на ЕУ за општествена одговорност на претпријатијата 2011-2014[17] ги задолжува националните Влади во државите членки да пристапат кон имплементација на водечките принципи преку донесување на Национални Акциски Планови (НАП). Во Република

[16] Regulation (EU) 2017/1129 of the European Parliament and of the Council on the prospectus to be published when securities are offered to the public or admitted to trading on a regulated market and repealing Directive 2003/71/EC, Official Journal of the European Union, 2017

[17] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, A renewed EU strategy 2011-14 for Corporate Social Responsibility, COM(2011) 681 final

Македонија сеуште не е изготвен НАП за спроведување на Водечките принципи на бизнисот и човековите права. Во 2018 година ЕУ финансира иницијатива на граѓански организации којашто ќе креира рамка за имплементирање на ВПБЧП преку воспоставување на мулти- секторска работна група, креирање на НАП и други ресурси за поддршка на засегнатите страни.

Сепак се чини дека општествената одговорност во секторските политики сеуште се третира како второстепена тема, наместо како парадигма којашто треба да ја трансформира улогата на претпријатијата во постигнување на одржлив развој. Дополнително, државните институции и јавните претпријатија (на централно и локално ниво) исто така немаат направено посуштински напори да постават пример и репер на општествено одговорно делување преку интегрирање на принципите на општествената одговорност во своето работење. Од перспектива на општествената одговорност неопходно е овие документи да ја препознаат улогата на претпријатијата во намалување на негативните влијанија и максимизирање на позитивниот учинок во постигнувањето на одржлив развој.

Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите Нации донесени во 2015 година како и другите глобални иницијативи во овој домен отвораат нови можности за согледување на улогата на бизнис секторот во секторските политики низ призмата за општествена одговорност. Во оваа насока, новата стратегија треба да се надгради на досегашните мерки за промоција и градење на капацитетите кон суштинско интегрирање на вредностите и парадигмата на општествената одговорност во политиките и во работењето.

# ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ

## 3. ЦЕЛИ

Целите на Среднорочната стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија се базираат на дефинирање и спроведување на сеопфатен пристап за промоција и унапредување, прифаќање на општествената одговорност, со фокус на претпријатијата, но и останатите организации од јавниот и деловниот/граѓанскиот сектор. Истовремено, Владата на Република Северна Македонија со Среднорочната стратегија ќе се залага за демонстрирање на одговорно однесување од страна на претпријатијата и инвеститорите, но и од органите на јавната управа и останатите организации од деловниот и граѓанскиот сектор.

Во дефинирањето на целите на Среднорочната стратегија, Владата на Република Северна Македонија се водеше од најновите напори за усогласеност со социјалните стандарди, стандардите за животната средина, стандардите за добро управување, почитувањето на деловните и човековите права, и следењето на европските и глобалните иницијативи за општествена одговорност.

Според тоа, целите на Среднорочната стратегија се повеќекратни:

1. Зајакнување на корпоративното применување на општествената одговорност, со фокус на претпријатијата
2. Поттикнување на органите на јавната управа да препознаат и подржат практики на општествена одговорност со влијание врз општеството, како и самите да демонстрираат големо ниво на одговорно однесување
3. Промоција на европски и меѓународни насочувачки рамки за унапредување на општествената одговорност

# S. ПРИОРИТЕТИ, МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

## 1. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2019-2023 ГОДИНА

| Приоритет/мерка/активност | Показатели | Спроведува | Временска рамка | Буџет (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1: Зголемена видливост на општествената одговорности споделени добри практики со фокус на ММСП** | | | | |
| **Мерка 1.1 Промоција на општествената одговорност кај како сеопфатен концепт со посебен фокус и на ММСП** | | | | |
| Активност 1.1.1 Организирање на медиумски кампањи преку традиционални и социјални медиуми за важноста на општествената одговорност | - информативни настани за граѓани и претпријатија<br>- позитивна перцепција за општествената одговорност кај граѓаните и претпријатијата | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 3.690.000 |
| Активност 1.1.2 Спроведување на анкети за перцепции на граѓаните и претпријатијата за општествената одговорност (почетна и финална) | - реализирани анкети со наоди и препораки | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП | 2019 / 2022 | 922.500 |
| Активност 1.1.3 Промоција на општествената одговорност преку меѓу-секторски пристап (деловен сектор, јавен сектор и граѓански сектор) | -број на формирани меѓу-секторски тела за ООП<br>- број на состаноци на тела составени од различни засегнати страни, вклучително и НКТ-ООП за теми поврзани со ООП<br>- број на состаноци/иницијативи на НКТ-ООП | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, деловен сектор, граѓански сектор | 2019 - 2023 | 861.000 |
| Активност 1.1.4 Преглед на компаративни искуства од регионот и ЕУ за општествена одговорност | - компаративна анализа на компаративни практики за ООП во регионот и ЕУ<br>- компаративни искуства за ООПсподелени на национално и локално ниво | Министерство за економија во соработка со НКТ ООП, и експерти | 2019 | 1.383.750 |
| Активност 1.1.5 Промоција на меѓународни иницијативи за општествената одговорност помеѓу претпријатијата и останатите чинители | - анализа за јазови во ООП помеѓу Македонија и ЕУ | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за животна средина и други органи | 2019 - 2023 | 1.230.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 1.1.6 Анализа на јазови помеѓу состојбата со ООП во Македонија и ЕУ | - анализа за јазови во ООП помеѓу Македонија и ЕУ | Министерство за економија | 2020 | 360.000 |
| **Мерка 1.2. Промоција на добри практики на општествена одговорност** | | | | |
| Активност 1.2.1 Организација на национална награда за општествено одговорни практики | - број на национални награди за ООП практики | Министерство за економија во соработка со НКТ ООП | 2019 - 2023 | 922.500 |
| Активност 1.2.2 Поддршка на иницијативи за општествената одговорност за добри практики на општествената одговорност и промовирање на лидери во општествената одговорност | - број на поддржани ООП иницијативи<br>- број на добри практики за ООП<br>- број на идентификувани ООП лидери | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за животна средина и просторно планирање и други органи | 2020 - 2023 | 430.500 |
| Активност 1.2.3 Организирање регионална конференција за општествената одговорност | - број на регионални конференции за ООП<br>- број на учесници од сите сектори | Министерство за економија во соработка со НКТ ООП, Министерство за труд и социјална политика | 2019 - 2023 | 1.845.000 |
| Активност 1.2.4 Воспоставување инфо точки за општествена одговорност кај организации на работодавачи и работници, стопански комори, универзитети, потрошувачи и граѓански организации | - број на организации вклучени во информирање на чинителите<br>- број на инфо точки за ООП<br>- број на претпријатија и чинители коишто користат информации од инфо точките | Организациите на работодавачи, стопански комори и работници, универзитети, потрошувачи, како и други граѓански организации | 2021 - 2023 | 922.500 |
| **Мерка 1.3 Локализација на општествената одговорност во Македонија** | | | | |
| Активност 1.3.1 Градење капацитети на локалните чинители (ЛЕР, социо-иницијативи за општествената економски совети) за општествената одговорност | - број на вклучени општини (ЛЕР) во иницијативи за ООП со одговорни лица<br>- вклучување на ООП темата во агендата на локалните социо-економски совети<br>- број на испорачани обуки и менторство<br>- зајакнати свесност и знаење за ООП | Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за економија, ЗЕЛС во соработка со работодавачи, синдикати, граѓански организации, Локални социјално-економски совети. | 2019 - 2023 | 1.845.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 1.3.2 Организирање локални иницијативи и настани за општествена одговорност | - број на ООП иницијативи и настани за промоција на ООП во МСП<br>- број на сертификати за локални одговорни бизниси<br>- број на локални претпријатија и други чинители вклучени во настани/иницијативи | Општини, локални социо-економски совети во соработка со деловен и граѓански сектор | 2019 - 2023 | 928.650 |
| **Приоритет *2:* Повисок степен на вклученост на општествената одговорност во сите сегменти на деловниот модел на претпријатијата** | | | | |
| **Мерка 2.1 Воведување политики и програми за примена на општествената одговорност кај деловниот сектор** | | | | |
| Активност 2.1.1 Носење уредба за воведување не-финансиско известување кај големите претпријатија конзистентна со Директивата на ЕУ | - уредба за воведување не-финансискоизвестување кај големите претпријатија<br>- број на изработени не-финансискиизвештаи од страна на големите претпријатија | Влада на РМ | 2020 - 2023 | 2.152.500 |
| Активност 2.1.2 Поддршка за не-финансиско известување на МСП за влијание врз општеството и животната средина | - број на МСП корисници на експертска поддршка за воведување не-финансиско известување (ваучерски систем, субвенции и сл.) | Министерство за економија, АППРМ | 2020 - 2023 | 3.690.000 |
| Активност 2.1.3 Субвенции и експертска поддршка за воведување стандарди, сертификати и меѓународни иницијативи поврзани со општествената одговорност за МСП (пр. ИСО 14001, ИСО 26000, СА 8000 и др.) | - воведени субвенции за воведување стандарди и сертификати поврзани со ООП<br>- обезбедена експертска поддршка за МСП<br>- број на доделенисубвенции за воведување стандарди и сертификати поврзани со ООП | Министерство за економија, АППРМ | 2020 - 2023 | 3.075.000 |

| Мерка 2.2 Градење капацитет на претпријатијата за општествената одговорност | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 2.2.1 Организирање обуки за МСП и нивни асоцијациии за интегрирање на општествената одговорност во деловните модели | - број на обучени МСП учесници на обуки за ООП<br>- број на реализирани обуки за ООП | Министерство за економија, во соработка со експерти | 2019 - 2023 | 922.500 |
| Активност 2.2.2 Креирање Ресурсен центар за општествената одговорност на претпријатијата | - изготвени водичи за ООП за претпријатијата<br>- изготвени анализи на случаи и практични алатки за ООП,<br>-изработен каталог за надворешни ресурси за ООП<br>-воспоставување на директни контакти со експерти за помош на компаниите од различни аспекти на ООП<br>-достапни алатки за проверка на знаењето од областа на ООП на менаџерите | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП и експерти | 2019 - 2023 | 4.212.750 |
| Активност 2.2.3 Поттикнување на големите претпријатија да одржуваат одговорни синџири на производство | - број на поддржани иницијативи за воведени одговорни синџири на производство | Министерство за економија, во соработка со експерти | 2019 - 2023 | 615.000 |
| Активност 2.2.4 Организирање обуки за корпоративно управување | - број на испорачани обуки<br>- број на учесници од деловен сектор | Министерство за економија, во соработка со обучувачи | 2021 - 2023 | 922.500 |
| Активност 2.2.5 Поддршка на иницијативи за секторски етички кодекси и за само-регулација во корпоративното управување | - број на механизми за само-регулација и усвоени етички кодекси | Влада на РМ (ЗПВРМ), Министерство за економија | 2020-2023 | 553.500 |
| Активност 2.2.6 Организирање обуки за релевантни аспекти од општествената одговорност како на пример Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права, Целите за одржлив развој, климатски промени, анти- корупција итн. | - број на претпријатија коишто се здобиваат со нови сознанија и ресурси<br>- број на претпријатија коишто ги унапредуваат своите политики и практики согласно меѓународните и други ООП иницијативи | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, Министерство за труд и социјална политика, Влада на РМ (ЗПВРМ) Министерство за животна средина и просторно планирање и други релевантни државни институции во соработка со други чинители | 2019-2023 | 922.500 |

**Мерка 2.3 Воведување принципи за општествената одговорност во јавниот сектор, вклучително и јавните претпријатија (задолжителни известувања согласно ЕУ директива и стандарди; едукација на јавната администрација; берза; правила (упатства) во јавните институции;)**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 2.3.1 Воведување задолжителни известувања за општествената одговорност според ЕУ стандарди | - изготвен образец за известување за ООП<br>- број на ентитети со реализирани задолжителни известувања за ООП<br>- број на странски инвеститори кои реализираат известување за ООП | Влада на РМ | 2019 - 2023 | 1.230.000 |
| Активност 2.3.2 Донесување правила / упатства за општествената одговорност во јавни институции | - подготвени и донесени упатства за ООП во јавни институции<br>- број на институции со донесени правила / упатства за ООП | Влада на РМ | 2019 - 2023 | 1.230.000 |
| Активност 2.3.3 Едукација на јавната администрација за принципите на општествена одговорност | - број на внатрешни обуки за општествената одговорност<br>-број на учесници од вработени во јавна администрација (со раководни лица) | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП и експерти | 2019 - 2023 | 922.500 |

**Приоритет 3. Поттикнувачки пазарни и регулаторни механизми за општествената одговорност**

**Мерка 3.1 Позитивни мерки за учество во јавни набавки за претпријатијата со применети практики за општествената одговорност**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 3.1.1 Воведување социјални критериуми во јавните набавки согласно Директивата за јавни набавки на ЕУ[18] | институциите на централно и локално ниво применуваат еколошки и социјални критериуми при набавките | Министерство за финансии | 2019 - 2020 | 615.000 |
| Активност 3.1.2 Воведување обврски за економски оператори во спроведувањето на договорите за исполнување национално и меѓународно право, конвенции и директиви на ЕУ во доменот на животната средина, социјалните и работничките права согласно Директивата за јавни набавки на ЕУ[19][20] | - транспонирана Директива на ЕУ за јавни набавки и усвоени измени во Законот за јавни набавки со вградување на еколошки и социјални обврски<br>- институциите на централно и локално ниво воведуваат еколошки и социјални обврски во договорите со економските оператори | Министерство за финансии | 2019 - 2020 | 615.000 |

[18] EU Public Procurement Directive (2014/24/EU), https://eur-lex.europa.eu/leaal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32014L0024
[19] EU Public Procurement Directive (2014/24/EU), https://eur-lex.europa.eu/leaal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32014L0024
[20] EU Public Procurement Directive (2014/24/EU), https://eur-lex.europa.eu/leaal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32014L0024

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 3.1.3 Поставување на цел за примена на критериуми за „зелени" набавки изразена во % од сите јавни набавки | - поставена цел (таргет) на државно ниво за примена на критериуми за „зелени“ набавки во јавни набавки согласно политиките на ЕУ | Министерство за финансии, Биро за Јавни Набавки, МЖСПП, Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство | 2021 - 2023 | / |
| **Мерка 3.2 Едукација и развивање на свеста на потрошувачите за одржлива потрошувачка** | | | | |
| Активност 3.2.1 Поттик за воведување и прифаќање на еколошки и социјални ознаки | - воведени еколошки и социјални ознаки поврзани со ООП<br>- број на сертифицирани ентитети со еколошки и социјални ознаки<br>- број на промотивни активности за ознаките | Министерство за животна средина, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство | 2019 - 2023 | 1.291.500 |
| Активност 3.2.2 Поттикнување на воведување на кодексите за фер однос на трговците кон потрошувачите и на спогодбено решавање на проблемите и споровите меѓу нив | - Надомест на трошоци за претпријатија кои воведуваат кодекси за фер однос на трговците кон потрошувачите и спогодбено решавање на проблемите и споровите помеѓу потрошувачите и трговците со посредство на граѓанските организации | Министерство за економија во соработка со организации за заштита на потрошувачите | 2019 - 2023 | 1.700.000 |
| Активност 3.2.3 Изготвување и усвојување на Акциски план за поттикнување на одржлива потрошувачка и производство | - усвоен Акциски план за одржлива потрошувачка и производство<br>- број на воведени мерки за поттикнување на одржлива потрошувачка и производство особено во насока на едукација и информирање на потрошувачите | Министерство за економија, Министерство за животна средина | 2020 - 2022 | / |
| **Мерка 3.3 Поттикнување на општествената одговорност преку законски регулативи** | | | | |
| Активност 3.3.1 Да се разгледа можноста за воведување даночни олеснувања за вложувања (донирања, инвестиции и сл.) коишто придонесуваат за одржлив развој | - претпријатијата и другите субјекти можат да ползуваат даночни бенефиции кога вложуваат во активности што придонесуваат за одржлив развој<br>- број на претпријатија што ги користат даночните бенефиции<br>- ниво на вложувања (донации, инвестиции и сл.) во постигнување одржлив развој | Министерство за финансии во соработка со други релевантни институции | 2019-2020 | / |
| Активност 3.3.2 Да се разгледа можноста за воведување финансиски стимулации (субвенции и сл.) за претпријатија и другите субјекти коишто применуваат напредни еколошки стандарди и придонесуваат за социјално интегрирање на ранливите групи, откако ќе се потврди дека такви стандарди се | - воведени финансиски стимулации за претпријатија и другите субјекти коишто применуваат напредни еколошки стандарди и придонесуваат за социјално интегрирање на ранливите групи<br>- број на претпријатија што ги користат даночните бенефиции | Министерство за животна средина, Министерство за труд и социјална политика | 2019-2021 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност 3.3.3. Изработка и усвојување на Национален акциски план (НАП) за примена на Водечките принципи на бизнисот и човековите права во консултации со засегнатите страни | - усвоен НАП согласно праксата во ЕУ<br>- примена на мерки од НАП | Министерство за економија, во соработка со НКТ-ООП, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи | 2019 - 2023 | 1.230.000 |
| Активност 3.3.4 Интегрирање на принципите на општествената одговорност во секторските политики и нивно поврзување со целите и приоритетите на Стратегијата за општествената одговорност | - принципите и аспектите на ООП се вградени во релевантните секторски политики | Министерство за економија, МТСП, МЖСПП, Генерален Секретаријат, Министерство за земјоделство и други релевантни органи | 2019 - 2023 | 461.250 |
| **Мерка 3.4 Промоција на општествено одговорни инвестиции** | | | | |
| Активност 3.4.1 Да се разгледа можноста за вклучување на еколошки, социјални и управувачки фактори во инвестициските одлуки кај државните инвестиции | - вклучени еколошки, социјални и управувачки фактори за државни инвестиции | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП,, Министерство за финансии, Македонска банка за поддршка на развојот, Фонд за иновации и технолошки развој), Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство | 2021 - 2023 | 461.250 |
| Активност 3.4.2 Поттикнување на општествено одговорно инвестирање на деловниот сектор вклучително и на пензиските фондови | - број на инвеститори вклучени во иницијативата за социјални, еколошки и управувачки принципи (PRI Initiative)<br>- број на инвеститори што известуваат за не-финансиските критериуми при инвестирање | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, Агенција за поттикнување на странски инвестиции и промоција на извозот, МАПАСМинистерство за финансии,Македонска берза, Комисија за хартии од вредност | 2021 - 2023 | 461.250 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 4. Развој на едукативната компонента за општествената одговорност, корпоративната култура и Целите за одржлив развој на ОН** | | | | |
| **Мерка 4.1 Промоција на истражување и развој на општествената одговорност и социјални иновации** | | | | |
| Активност 4.1.1 Поддршка за спроведување истражувачки иницијативи за општествената одговорност, социјални иновации | - поддршка на центри за ООП<br>- број на реализирани истражувања и материјали за ООП | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП, во соработка со академијата и други експерти | 2019 - 2023 | 184.500 |
| Активност 4.1.2 Креирање он-лајн база на податоци за општествената одговорност и социјални иновации | - креирана база податоци за ООП<br>- он-лајн платформа за ООП и социјални иновации воспоставена и активна | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП и други експерти | 2019 - 2023 | 1.845.000 |
| **Мерка 4.2 Интегрирање на општествената одговорност во образовните програми** | | | | |
| Активност 4.2.1 Вградување на вредностите, и принципите и целите на општествената одговорност ООП во курикулумите во основното образование (таму каде што е соодветно); Активности за обуки за воспитно-образовниот кадар; Активности со кои се предвидува советодавна- инструктивна дејност за воспитно-образовниот кадар од страна на Бирото за развој на образование. | - измени на наставните образовните програми со вклучување на ООП елементи во основното образование | Министерство за образование и наука (Биро за развој на образование), Министерство за економија, во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 922.500 |
| Активност 4.2.2 Надградување на општествената одговорност ООП како дел од наставните содржини во предметите за претприемачко учење и граѓанско општество во средното образование; ); Активности за обуки за воспитно-образовниот кадар; Активности со кои се предвидува советодавна- инструктивна дејност за воспитно-образовниот кадар од страна на Бирото за развој на образование. | - надградени наставни содржини за претприемачко учење и граѓанско општество во средното образование | Министерство за образование и наука (Биро за развој на образование), Министерство за економија, во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 922.500 |
| Активност 4.2.3 Хоризонтално интегрирање на принципите и целите на општествената одговорност ООП во наставните програми, иновации и претприемништво, бизнис претприемништво, како и во другите наставни програми во гимназиското и средното стручно образование образовните програми бизнис и менаџмент; ); Активности за обуки за воспитно-образовниот кадар; | - измени на наставните програми, хоризонтално интегрирање на реализацијата на наставните цели од различни наставни предмети во образовните програми за бизнис и менаџмент, со вклучување на ООП елементи | Министерство за образование и наука (Биро за развој на образование), Министерство за економија, во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 922.500 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 4.3 Јакнење на свеста и вештините на организациите преку неформално образование за општествената одговорност** | | | | |
| Активност 4.3.1 Развој на програми за градење капацитет за општествената одговорност во неформално образование | - развиени наставни програми за ООП во неформално образование за градење капацитет на организациите | Приватни образовни институции, едукативни центри, тинк-тенкови, Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 922.500 |
| Активност 4.3.2 Испорака на информативни сесии, обуки и менторства за општествената одговорност во неформално образование | - број на поддржани иницијативи за градење капацитет за ООП | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП соработка со експерти, граѓански сектор | 2019 - 2023 | 1.230.000 |
| **Мерка 4.4 Промоција на корпоративната култура и Целите за одржлив развој со пристапот на општествената одговорност** | | | | |
| Активност 4.4.1 Поддршка за унапредување на корпоративната култура | - унапредени и промовирани етички кодекси за работењето на деловниот и јавниот сектор | Министерство за економија во соработка со НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 1.230.000 |
| Активност 4.4.2 Промоција на постигнувањето на Целите за одржлив развој | - развиени и преведени упатства за постигнување на Целите за одржлив развој<br>-следење и известување за постигнување на Целите за одржлив развој | Министерство за економија во соработка со ЗПВЕП | 2019 - 2023 | 922.500 |
| **Приоритет 5. Зајакнување на ефективен дијалог и соработка на деловниот сектор, социјалните партнери, владата и граѓанскиот сектор за унапредување на општествената одговорност** | | | | |
| **Мерка 5.1. Зајакнување на улогата на НКТ-ООП како носител на дијалогот** | | | | |
| Активност 5.1.1. Воведување буџет за поддршка на активностите на КТООП, вклучително и доделувањето на Националната награда за најдобри практики на општествената одговорност на претпријатијата, како и за организирање други промотивни и едукативни настани | -одржана Национална Награда за ООП<br>-реализирани активности на НКТООП<br>-одржани едукативни и промотивни настани | Министерство за економија, НКТ-ООП | 2019 - 2023 | 768.750 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка 5.2. Формирање инфо точки за општествената одговорност во рамки на социо-економските партнери (синдикати, организации на работодавци и стопански комори)** | | | | |
| Активности 5.2.1. Организација на обуки за лицата одговорни за инфо- точките | - Назначени лица за инфо-точки<br>- Реализирани обуки<br>- Број на обучени стручни лица | Министерство за економија во соработка со експерти, граѓански сектор | 2019 - 2023 | 1.845.000 |

## 2. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Владата на Република Северна Македонија и нејзините државни институции, во спроведувањето на новата Среднорочна стратегија за општествена одговорност (2019-2023) ја препознаваат потребата од унапредување на практиките на општествена одговорност и останатите организации од јавниот и граѓанскиот сектор. Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија ги следи препораките на Европската Комисија од Обновената стратегија за општествена одговорност за 2011-2014, како и комплементарните активности за промоција на оддржлив развој. Според тоа, дефинирањето на клучните области на интервенција во оваа Стратегија се базираат на споделената визија со ЕУ за интегрирање на општествената одговорност во процесот на постигнувањето на Оддржливите развојни цели (ОРЦ), донесени од Обединетите Нации (ОН). Среднорочната стратегија, во дефинирањето на клучните области на интервенција, ги има во предвид различните области за општествената одговорност, кои вклучуваат и различни тела и институции на Владата (опишани во делот Спроведување). Приоритетните области во Стратегијата се избрани во согласност со оценката на претходната Национална агенда за општествена одговорност на претпријатијата, како и проекти кои имаа за цел да го поттикнат и промовираат концептот на општествена одговорност во земјата. Процесот на новото стратешко планирање ги потврди и оценките направени во консултации со сите сектори дека е потребно да се ажурираат и синхронизираат политиките и програмите за општествена одговорност во согласност со ЕУ и ОН практиките.

Според тоа, следните клучни области на интервенција се избрани за приоритети:

Приоритет 1: Зголемена видливост на општествената одговорност и споделени добри практики со фокус на ММСП

Приоритет 2: Повисок степен на вклученост на општествената одговорност во сите сегменти на деловниот модел на претпријатијата

Приоритет 3. Поттикнувачки пазарни и регулаторни механизми за општествената одговорност

Приоритет 4. Развој на едукативната компонента за општествената одговорност, корпоративната култура и Оддржливите Развојни Цели

Приоритет 5. Зајакнување на ефективен дијалог и соработка на деловниот сектор, социјалните партнери, влада и граѓански сектор за унапредување на општествената одговорност

Среднорочна стратегија ги следи насоките од обновената стратегија за општествена одговорност за унапредување на деловното работење на претпријатијата, поддршка на нивниот раст но на начин со којшто се заштитуваат и интересите на државата и општеството во целина. Согласно искажаната подготвеност на Владата на Република Северна Македонија за постигнување на Оддржливите развојни цели, оваа Стратегија се базира и на комуникето на ЕК за следните чекори за одржлив развој на ЕУ, посебно во делот за „Посилна и поправедна економска и монетарна Унија" каде се поттикнува деловниот сектор да придонесе кон постигнувањата на социјалните цели и целите за заштита на животна средина, и на тој начин да се обезбеди еднаков и оддржлив раст како и заштита на социјалните права. Овие препораки се пресликани и во приоритетите на Среднорочната стратегија, кои треба обезбедат поодржливи но и попрактични практики во работењето на организациите (претпријатијата), во сите сегменти на пазарните механизми. Во приоритетите исто така е вклучен делот за Одговорно деловно однесување, како во делот на не-финансиско известување (од неодамна задолжителен во ЕУ за големите претпријатија над 500 вработени). Дополнителна област која треба да претрпи измени со цел да се наградат позитивните примери на организации кои спроведуваат практики од општествената одговорност се новите ЕУ правила за јавни набавки кои ја нагласуваат потребата од заштита

на социјалните права и животната средина, и кои од неодамна се дел од законската регулатива на ЕУ (со процес на транспонирање во останатите националните закондавства). И тука, Република Северна Македонија ќе треба да го следи позитивниот импулс на пазарните правила за претпријатијата, со фокус на ММСП. Образованието е уште една клучна област на интервенција за која се предвидени повеќе мерки кои бараат креирање нов пристап, отелетворен во елементи на наставни програми кои ќе бидат воведени во сите образовни нивоа (примарно, секундарно и терцијарно но и неформално образование). На крајот, посебна област на интервенција е обезбедување поголема синергија помеѓу различните институции во јавниот сектор, со ревизија на досегашниот пристап на координација на општествената одговорност.

За да се реализираат овие активности, координирањето ќе биде предмет на јакнење на капацитетот на структурите задолжени за општествената одговорност, со цел истите да можат да идентификуваат, донесат и изменат политики кои влијаат благонаклоно кон развојот на истата. ЕК дефинира силна поддршка за почитување на социјалните и еколошките стандарди, како и бизнис и човекови права кај членките-кандидатки, преку развојната соработка и поддршка, промоција на политичкиот дијалог но и преку трговските инструменти. Република Северна Македонија со оваа Среднорочна стратегија ќе го следи интегрираниот пристап кон унапредување на општествената одговорност.

## 3. ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ ИАКТИВНОСТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Република Северна Македонија не е осамена во делот на потребата од поголема примена на општествената одговорност во земјата со фокус на носење политики и програми на национално ниво. Затоа, и тука ќе се следат препораките од ЕУ за носење или измена на законски мерки кои поттикнуваат доброволно или опционо следење на општествената одговорност практиките, како и нивно ефикасно и ефективно спроведување. За таа цел, се издвојуваат приоритетни мерки и активности на државните институции со кои се поттикнуваат и наградуваат одговорните однесувања на претпријатијата, но и на организациите од другите сектори. Овој дел ќе укаже на приоритетни мерки и активности во сите приоритети кои се однесуваат на државните институции за унапредување на општествената одговорност на претпријатијата, а притоа ќе се користат алатките опишани подоле а кои се однесуваат на: ИСО 26000 Упатството за општествена одговорност; Декларација за принципите во однос на мултинационалните претпријатија и социјална политика на Меѓународната организација за труд (МОТ), ОН Глобалниот договор, Упатствата за мултинационални претпријатија на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) како Принципите на ОН за бизнис и човекови права.

Во рамките на првиот приоритет, Зголемена видливост на општествената одговорност и споделени добри практики со фокус на ММСП, потребно е да се продолжи со промотивните активности организирани од јавните инстанци, како што е тоа Наградата за општествено одговорни практики, проект кој се спроведува веќе 11 години. Сепак, потребно е ваквите промотивни активности под покровителство на министерствата да продолжат со засилено темпо и да се поддржат повеќе иницијативи за добри практики на општествената одговорност и промоција на лидери по општествената одговорност , по сектори. На пример, Министерството за животна средина и просторно планирање може да предвиди, во рамките на новото упатство за практики за општествената одговорност, награда или сертификат за претпријатие кое ги надминало законските обврски за животна средина и користи добри меѓународни практики за редуцирање на негативното влијание врз животната средина. Изборот на секторски лидери по општествената одговорност и нивна промоција ќе има голем одек во деловниот сектор и ќе мотивира и останати организации да се вклучат во примена на општествената одговорност.

Еден од клучните приоритети, Повисок степен на вклученост на општествената одговорност во сите сегменти на деловниот модел на претпријатијата, ги опфаќа како целна група деловниот сектор но и јавниот сектор, со јавните претпријатија. Во однос на деловните субјекти приоритетна мерка е уредување на известувањето за општествената одговорност кај големите претпријатија како и обезбедување поддршка и субвенции за воведување стандарди за општествената одговорност кај ММСП. На овој начин, доброволниот концепт за општествената одговорност ќе биде прифатен од страна на претпријатијата од сите сегменти. Во однос на јавниот сектор, потребно е да се донесат уредби за задолжителни известувања за спроведувањето на општествената одговорност но и правила / упатства за самото функционирање на општествената одговорност во јавните институции. Тука е клучна мерка да се инсистира на постојана едукација на јавната администрација за принципите на општествена одговорност, со цел да може од другите сектори подеднакво да се бара почитување на принципите на општествената одговорност во работењето.

Посебно внимание ќе се посвети и на приоритетот 3. Поттикнувачки пазарни и регулативни механизми за општествената одговорност, каде треба да се воведат / применат мерки со кои јавните институции ќе ги препознаат и поддржат општествено одговорните претпријатија и организации, посебно кога се работи за јавните средства. Целта е да се промовира одговорно однесување од претпријатијата и од инвеститорите но и од јавните институции за да се поттикне одговорно управување со синџирот на производство. Јавните институции ќе бидат задолжени, согласно препораките на ЕУ, МОТ и ОЕЦД, за одржливо и одговорно функционирање на синџирот на производство во кои се вклучени македонските претпријатија. Воведувањето позитивни мерки за учество во јавни набавки за претпријатијата со применети практики за општествената одговорност, како и поттикнување општествената одговорност преку законски регулативи (дефинирани во приоритет 3) се дефинира како приоритетна мерка на државните институции за унапредување на општествената одговорност. Во оваа насока, треба да се потенцира поттикнувањето на општествено одговорните инвестиции (со најавените измени и во Светската трговска организација - СТО) кои би биле поддржани од институции кои обезбедуваат средства (грантови и кредити). На овој начин, ќе биде следена и ЕУ иницијативата која на најпрактичен начин ја поддржува општествената одговорност.

Истражувачките активности се многу важни за распространување на концептот на општествената одговорност во земјата. Согласно овој приоритет, Развој на едукативната компонента за општествената одговорност, корпоративната култура и Целите за одржлив развој, и во духот на интегрираниот пристап кој ја отсликува новата реалност и решеност на ЕУ и Република Северна Македонија за унапредување на општествената одговорност, се издвојува мерката за истражување на општествената одговорност (со позитивно влијание на поширока целна група), во рамките на напорите за постигнување на Одржливите развојни цели. Тука се предвидува формирање и поддршка на центри за општествена одговорност кои треба да подготват бази на податоци и он-лајн платформа за општествената одговорност и социјални иновации. Следна логичка и приоритетна мерка е воведување на елементи од општествената одговорност во рамките на формалното образование, со цел едуцирање на младите лица вклучени во образовниот процес (идни вработени и работодавци).

Последниот но не поважен приоритет се однесува на зајакнување и операционализирање на меѓу-секторскиот дијалог. Ова се однесува и на подобрување на хоризонталната соработка на клучните линиски министерства и тела во земјата (пр. Министерството за економија, Министерство за труд и социјална политика; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за образование и наука; Биро за развој на образованието; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за финансии; Одделение за соработка со граѓанските организации во рамките на Генералниот секретаријат

на Владата; Канцеларија за јавни набавки; Комисија за хартии од вредност; Агенција за супервизија на капитално финансираното социјално осигурување; Здружение на единиците на локалната самоуправа и други. Издвоените мерки вклучуваат зајакнување на меѓу- министерската соработка, согласно правилата и упатствата кои би се донеле во Приоритет 2. од Среднорочната стратегија. Подеднакво важно ќе биде унапредување на меѓу-секторската соработка помеѓу јавниот сектор, деловниот сектор, образовниот сектор и граѓанскиот сектор. Посебна мерка ќе биде дефинирана за зајакнување на соработката на социо-економските партнери (синдикати, организации на работодавци и стопански комори) за кои е предвидено поддршка во формирање на инфо точки за општествената одговорност.

# СПРОВЕДУВАЊЕ

## И. ОРГАНИЗАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Стратегијата за општествена одговорност на Република Северна Македонија ќе се спроведува во период од 2019 година до 2023 година согласно Акцискиот план што е составен дел на стратешкиот документ. Акцискиот план 2019-2023 утврдува надлежност за поставените цели и активности до повеќе институции коишто ќе бидат одговорни за спроведувањето на мерките и активностите во нивна надлежност.

Министерството за економија преку Секторот за општествена одговорност ја има примарната улога во координација на активностите за спроведување на Стратегијата како и за изготвување на годишни извештаи до Владата на РМ за напредокот во спроведувањето и постигнатите резултати.Со оглед на тоа што политиката на општествена одговорност има хоризонтален опфат односно, опфаќа многу области и ресорни министерства и државни органи, неопходно е секоја релеванантна институција да назначи одговорно лице за стратегијата за општествена одговорност коешто во рамки на ресорното министерство односно орган на државна управа ќе ги координира активностите во нивна надлежност и ќе соработува со Министерството за економија, Сектор за општествена одговорност.

Иако примарната надлежност за спроведување и координација на стратегијата ја имаат органите на државната управа, за постигнување на целите и визијата од Стратегијата неопходна е соработка со сите засегнати страни како што се социјалните партнери, стопанските комори и бизнис мрежи посветени на општествена одговорност, граѓанските организации вклучително и организациите на потрошувачите, медиумите итн. Многу од мерките особено во насока на промоција и градење на капацитетите ќе се спроведуваат во партнерства помеѓу институциите и другите чинители. Во оваа насока, НКТ-ООП игра важна улога во координација на клучните чинители за посеопфатно и поефикасно спроведување на стратегијата. НКТ-ООП исто така игра клучна улога во градењето на посветеноста и проактивниот приод на клучните чинители (институциите, синдикатите, организациите на работодавачите, коморите, граѓанските организации итн) во промовирањето на вредностите и принципите на општествената одговорност како и во спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата. Со оглед на тоа што НКТ-ООП е формирано под надлежност на Економско-социјалниот совет (ЕСС), неопходно е да се воспостави повисоко ниво на соработка и координација помеѓу двете тела во насока на спроведување на Стратегијата. Дополнително, ЕСС игра важна улога во промовирање и спроведување на мерките од Стратегијата коишто се поврзани со унапредување на човековите и работничките права.

Со оглед на глобалните трендови и политиките во рамки на ЕУ, спроведувањето на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој и вклучувањето на претпријатијата во тој процес бара координација на иницијативите за одрќлив развој и општествена одговорност. Во оваа насока, Националниот совет за одржлив развој предводен од Владата на РМ, Вице-премиерот за економски прашања игра важна улога во координација на мерките коишто се однесуваат

на вклучување на бизнис заедницата во остварување на Целите за одржлив развој. Другите меѓу-секторски тела формирани за координација и унапредување на политиките во одделни сегменти на општествената одговорност како на пример за соработка со граѓанските организации, за промоција на Водечките принципи на бизнисот и човековите права, за превенција од корупција во деловниот сектор итн. исто така придонесуваат за поефективно и посеопфатно спроведување на мерките од Стратегијата за општествена одговорност на земјата.

За успешно спроведување на стратегијата и постигнување на поставени цели, неопходно е јакнење на капацитетите на државните службеници на сите нивоа во институциите релевантни за Стратегијата. Капацитетите треба да се градат во насока на разбирање на принципите на општествена одговорност како и на идентификување на начините и можностите за поврзување на секторските политики со мерките од стратегијата.

## Ј. ПРЕТПОСТАВКИ И РИЗИЦИ

Имплементацијата на концептот на општествената одговорност во сите земји претставува сериозен предизвик, бидејќи тој процес бара менување на начинот на којшто се води бизнисот и промена на менталната матрица кај повеќе категории на општеството.

Поаѓајќи од фактот дека се работи за мултисекторски пристап кој вклучува не само разни министерства и агенции, туку и деловниот и граѓанскиот сектор, неопходно е идентификување на претпоставките и ризиците кои го следат, за да може благовремено да се преземат превентивни мерки и да се минимизираат негативните влијанија.

Една од основните претпоставки за континуирано и сеопфатно имплементирање на општествената одговорност во Македонија е политичката стабилност и предвидливата безбедносна ситуација. Имено, иако на прв поглед овие категории се чинат пошироки, веќе подолг период се забележуваат поплаките на претприемачите на негативните влијанија кои политичката криза ја има врз нивното работење, намалување на извозот и осцилации на финансиските текови. Концептот на општествената одговорност секако не се наоѓа на врвот на списокот на приоритети на деловниот сектор и по правило, прв станува жртва на пролонгирањата и настојувањата да се заштедат пари во случаи кога постои неизвесност или недостиг на доверба во стабилноста.

Дополнително, степенот на подготвеност на сите засегнати страни меѓусебно да се слушаат и соработуваат, особено во креирањето на поволна и стимулативна регулатива, исто така е клучна претпоставка за успех. За разлика од периодот пред десетина години, денес деловниот и граѓанскиот сектор, директно или преку нивните овластени здруженија, имаат доволна експертиза и искуства од кои може да се црпат решенија кои се испробани и кои функционираат во пракса. Притоа од особено значење е одржувањето на посветеноста и редовните средби за евалуација на процесот, бидејќи во спротивно, иницијативата може да се најде во целосен застој. Процесот на пристапување кон ЕУ ќе се поврзе со новите околности на пазарот, односно намалениот избор на вработени на пазарот на труд, растот на платите кој се очекува заради тоа, заради што може да се претпостави дека во наредниот период се очекува засилена динамизација и имплементација.

## К. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување на Стратегијата за општествена одговорност на претпријатијата ќе се обезбедат средства од буџетот на Република Северна Македонија. Врз основа на надлежностите предвидени во стратегијата, органите на државната управа и Владата на РМ ќе ги вградат мерките и активностите во рамките на годишните и стратешките планови и соодветно ќе предвидат буџетски средства за нивна реализација. Со оглед на тоа што е предвидено

мерките и активностите од стратегијата да се спроведуваат во соработка со останатите чинители (граѓански организации, социјалните партнери, стопанските комори, академијата итн.) се очекува дека покрај средствата од Буџетот на РМ ќе се обезбедат и средства од донаторската заедница, вклучително и од ЕУ фондовите. Во спроведување на мерките и активностите, надлежните органи на државна управа ќе се вклучат и на постоечки и идни иницијативи на општествените чинители, На тој начин не само што ќе се постигне поефикасно искористување на достапните ресурси туку и ќе се гради односот на доверба и партнерства со клучните чинители во развојот на општествената одговорност во државата. Во овој документ, во Акцискиот план 2019-2023, се дадени предлог финансиски позиции по активности и мерки, во рамките на дефинираните приоритети.

## Л. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

Следењето на спроведувањето на Стратегијата за општествена одговорност е клучно за да се обезбеди ефективна и ефикасна имплементација како и постигнување на среднорочно и долгорочно влијание во унапредувањето на општествената одговорност. Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата во соработка со Министерството за економија е одговорно за следење на напредокот и координирање на активностите за следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата.

Во оваа насока, веднаш по донесувањето на Стратегијата, НКТ-ООП во соработка со Министерството за економија ќе изготви План за следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата со придружена методологија за консултирање на засегнатите страни во оценката на спроведувањето. Планот за следење и оценка најмалку треба да предвидува:

- Годишни планови за спроведување на мерките и активностите од стратегијата поднесени на крајот на претходната година до ЕСС и до Владата на РМ
- Годишен извештај за спроведувањето од страна на органите на државна управа надлежни за спроведување на мерки од Стратегијата. Извештаите се доставуваат до Министерството за економија на претходно усвоен образец
- Годишен извештај за спроведувањето на активностите и исполнување на целите на Стратегијата поднесен од Министерството за економија до Владата на РМ
- Годишен извештај за работењето на НКТ-ООП со оценка за спроведувањето на Стратегијата поднесен до ЕСС
- Методологија за надворешна оценка на спроведување на Стратегијата

Извештаите за степенот на реализација и постигнување на целите од Стратегијата ќе бидат основа за понатамошни ревизии и дополнувања на Стратегијата вклучително и на Акцискиот план. Во насока на постигнување повисоко ниво на транспарентност и отчетност, годишните извештаи и планови ќе бидат достапни на веб-страниците на Министерството за економија и на НКТ-ООП.

# ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Листа на анкетирани испитаници по институции и организации

1. Министерство за економија, Сектор за општествена одговорност
2. Министерство за животна средина, Заменик министер
3. Генерален секретаријат на Влада на СРМ, Одделение за соработка со невладини организации
4. Здружение на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС)
5. Стопанска комора на Македонија
6. Сојуз на стопански комори на Македонија
7. Стопанска комора на северо-западна Македонија
8. Здружение на новинари на Македонија
9. Македонска мрежа на Глобален договор на ОН
10. Бизнис конфедерација на Македонија
11. Здружение Еко-свест Скопје
12. Здружение Џуниор Ачивмент
13. Универзитет Американ Колеџ Скопје
14. Сојуз на микрофинансиски организации
15. Министерство за труд и социјална политика - консултации без анкета
16. Организација на работодавачи - консултации без анкета
17. Биро за развој на образованието - консултации без анкета

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бизнис Конфедерација на Македонија, Извештај од анализа на ООП, 2013
2. Бизнис Конфедерација на Македонија, Прирачник за известување за одржливост на организациите на работодавачи, 2016
3. Вилијамсон Н., Стампе-Книпел И., Вебер Т., Компендиум за општествена одговорност на претпријатијата, Европска Комисија, 2014
4. Влада на Република Северна Македонија, ИПА II Национален Стратешки Документ за Република Северна Македонија (2014-2020), 2014
5. Влада на Република Северна Македонија, Индустриска политика на Република Северна Македонија (2009-2020), 2009
6. Европска комисија, Комунике од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на регионите, Следни чекори за оддржлива европска иднина - Европска акција за одржливост, 2016
7. Европска комисија, Обновена стратегија на ЕУ за општествената одговорност на претпријатијата 2011-2014, C0M(2011)681 final, 20113. Европска комисија, Трговија за сите - Кон поодговорни политики за трговија и инвестиции, Европска комисија, 2015
8. Европска комисија, Европа 2020: Стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст, Европска комисија, 2010
9. Европска комисија, Општествената одговорност на претпријатијата: Национални јавни политики во Европската Унија, 2014
10. Здружение Конект, Водич за подготовка на стратегија за ООП кај мали и средни претпријатија, 2012
11. Здружение Конект, Водич за системи за управување и стандарди поврзани со општествената одговорност на претпријатијата, 2012
12. Здружение Конект, Истражување на ставовите, верувањата и практиките за прибирање ресурси и соработка помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор, 2014
13. Македонски центар за меѓународна соработка, Односите меѓу деловниот сектор и граѓанското општество/општествената одговорност на претпријатијата: Дали стратегијата придонесе за подобрување на дијалогот меѓу владата и граѓанското општество?, Граѓански практики бр. 13, 2012
14. Министерство за животна средина и просторно планирање, Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020, , Влада на Република Северна Македонија, мај 2015
15. Национално координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата, Национална агенда за општествена одговорност на претпријатијата 2008-2012, 2008
16. Регионален совет за соработка, Југоисточна Европа 2020 - работни места и просперитет во европска перспектива, 2013